СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Адреса: ул. „11 Октомври” бр.7, 1000 Скопје

П Р О С П Е К Т

за котација на акциите издадени од Стопанска банка АД Скопје
на подсегмент Задолжителна котација на Официјалниот Пазар на
Македонска Берза АД Скопје

Покровител на котацијата:

Дирекцијата за работи со хартии од вредност и брокерско -
посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје
ул. „11 Октомври” бр.7, 1000 Скопје

Скопје, __ Април 2013 год.

ИЗЈАВА НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧОТ

Управниот одбор на издавачот Стопанска Банка АД Скопје ја прифаќа одговорноста за содржината на овој Проспект:

"Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој Проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на издавачот, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој проспект".

Проспектот е изготвен согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската Берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје и Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија број 13/2013 година).

Покровител на котацијата на акциите издадени од издавачот Стопанска Банка АД Скопје е Дирекцијата за работи со хартии од вредност и брокерско - посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, со адреса на ул. 11 Октомври бр.7, 1000 Скопје.

Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на Управен одбор
Диомидис Николетопулос

____

Заменик генерален директор за ризици и член на Управен одбор
Тони Стојановски

____

1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

1.1. Назив на друштвото:

СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Адреса: ул. 11 Октомври бр.7, 1000 Скопје

ЕМБС: 4065549
Единствен даночен број: 4030996116744

1.2. Називите и адресите на банките на издавачот, покровителот на котацијата, правните советници и останатите советници:

- Стопанска Банка АД Скопје има трансакциски сметки во Народна Банка на Република Македонија, со седиште: бул. Кузман Јосифовски Питу, бр.1, 1000 Скопје, Р.Македонија;
- Покровител на котација е Дирекцијата за работи со хартии од вредност и брокерско - посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, за која Банката поседува посебна трансакциска сметка во Народна Банка на Република Македонија, за порамнување на трансакции со хартии од вредност;
- Стопанска Банка АД Скопје има сметки во поголем број на странски кореcподентни банки, во сите странски валути со кои се тргува во земјата;
- При изработка на овој Проспект не е користена помош од правни и останати советници.

1.3. Називите и адресите на друштвата за ревизија кои извршиле ревизија на годишните сметки на издавачот за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни сегменти

- Priceswaterhouse Coopers Revizija d.o.o., Skopje - овластен ревизор за 2011 год.
  Адреса: Ул. 8-ми Септември, бр.16, 1000 Скопје
- Deloitte d.o.o., Skopje - овластен ревизор за 2012 год.
  Адреса: Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов, бр.28, 1000 Скопје

1.4. Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност:

- Бројот на обични акции издадени од Стопанска Банка АД Скопје изнесува 17.460.180, со номинална вредност од 201,10 денари по една акција;
- Бројот на приоритетни акции издадени од Стопанска Банка АД Скопје изнесува 227.444, со номинална вредност од 400,00 денари по една акција;
- До моментот на поднесување на Барањето за задолжителна котација до Македонска Берза, со акциите на Стопанска Банка АД Скопје се тргувало на Редовниот пазар, односно на Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

2. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

2.1. Назив и седиште на издавачот:

СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Адреса: ул. 11 Октомври бр.7, 1000 Скопје

2.2. Тековната состојба на Стопанска Банка АД Скопје од Трговскиот регистар е во *Прилог 1* на овој Проспект.

2.3. Износот на вкупниот капитал, поодделните родови на акции со нивните главни карактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род:

- Вкупниот номинален капитал изнесува 3.602.219.798,00 денари, од кој вкупната номинална вредност на обичните акции изнесува 3.511.242.198,00 денари, а вкупната номинална вредност на приоритетните акции изнесува 90.977.600,00 денари;
- Бројот на обични акции изнесува 17.460.180, со номинална вредност од 201,10 денари по една акција. Една обична акција носи право на еден глас во Собранието на акционери на СБ;
- Бројот на приоритетни акции изнесува 227.444, со номинална вредност од 400,00 денари по една акција. Приоритетните акции не носат право на глас во Собранието на акционери на СБ.

2.4. Одредбите од статутот на Стопанска Банка АД Скопје кои ги регулираат промените во капиталот на издавачот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции:

- Член 11 од Статутот на Стопанска Банка АД Скопје: Една обична акција носи право на еден глас во Собранието на акционери на СБ. Приоритетните акции не носат право на глас во Собранието на акционери на СБ;
- Член 12: Почетниот капитал (основната главнина) на СБ може да се зголеми или намали, во согласност со закон;
- Член 13: Собранието на акционери на СБ може, со измена на Статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов акционерскиот капитал да остане непрометен. Собранието на

акционери на СБ може, со измена на Статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов почетниот капитал (основната главнина) да остане непроменет;

- Член 16: Секој акционер на СБ ги има сите права, обврски и одговорности, утврдени со законите и Статутот на СБ.
- Член 18: Добивката на СБ, ја распоредува со Одлука Собранието на СБ, по предлог на Надзорниот одбор. Акционерите на СБ имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на Собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или овој Статут, добивката е изоставена од распределба меѓу акционерите. Учеството на акционерите во добивката се определува во согласност со законите, овој Статут и интерните акти на СБ. Имателите на приоритетни акции имаат право на исплата на дивиденда пред имателите на обични акции.

Забелешка: Статутот на Стопанска банка АД - Скопје е во постапка на изменување. Имено, предлог Одлуката за измена на Статутот на СБ е дел од Дневниот ред на 32-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) која е закажана за 22 Мај, 2013 година. По донесувањето на Одлука за измена на Статутот на СБ од страна на Собранието на акционери и добивањето соодветна согласност од Гувернерот на НБРМ, измените на Статутот ќе бидат веднаш објавени на СЕИ-Нет.

2.5. Промените во структурата на капиталот за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти, во смисла на износите на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал:

- Не се случени промени во структурата на капиталот во смисла на емитиран капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал.

2.6. Стопанска Банка АД Скопје не поседува должнички конвертибилни хартии од вредност.

2.7. Назив на акционер кој поседува над 5% од акциите со право на глас:

- Национална Банка на Грција СА, Атина (National Bank of Greece SA, Athens)

2.8. Стопанска Банка АД Скопје не поседува мнозинско учество во други друштва.

2.9. Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска Банка АД Скопје се во *Прилог 2 и 3* од овој Проспект. Банката не изготвува консолидирани ревидирани финансиски извештаи, односно нема зависни друштва.

2.9. Стопанска Банка АД Скопје не е во постапка на издавање на акции заради спојувања, поделби или понуди за преземања други друштва.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

3.1. Опис на основните дејности на издавачот:

- прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари,
- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
- давање услуги на банка-чувар на имот;
- купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;

- посредување во продажба на полиси за осигурување;
- посредување при склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- економско-финансиски консалтинг и
- други финансиски услуги утврдени со закон што може да ги врши само банка.

3.2. Банката нема значајни нови производи во последните две години.

3.3. Приказ на приходите од продажба за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти:

(во илјади денари)

Ред.бр.	Приходи од камата и надоместоци	2012 год.	2011 год.
1.	Приходи од камата	4.634.327	4.494.952
2.	Приходи од провизии и надоместоци	1.025.772	945.138

3.4. Во работењето на Стопанска Банка АД Скопје не постои зависност од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки.

3.5. Информации за сите судски или арбитражни постапки, кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба на издавачот:

- Во тек е судска постапка бр. 650799/2012 од 14.03.2012 година, против Стопанска банка АД-Скопје во вредност од 20.366.920.000,00 денари во Судот во Њу Јорк, САД, во која како спротивна странка се јавува Capital Conservator Savings & Loan Limited, New Zeland (сега под назив Guardian Fiduciary Trust Limited). Тужбеното барање од страна на тужителот е поднесено поради тоа што СБ, врз основа на основани сомневања за поврзаност со перење пари го прекина деловниот однос, за кои подоцна Управата за финансиско разузнавање иницираше кривична постапка која заврши со правосилна пресуда за кривично дело. Истовремено, тужбата по истиот основ од страна на Capital Conservator Savings & Loan Limited, New Zeland поднесена во 2010 година пред Основен суд Скопје I Скопје (објава во јавноста од 27.07.2010), **е правосилно и конечно завршена во корист на Банката**, односно е одбиена како неоснована и неоснованоста е потврдена и од страна на Апелациониот Суд во Скопје на 07.06.2012 година.

3.6. Бројот на вработени и квалификационата структура во изминатите три години:

Ред.бр.	Степен на образование	2010	2011	2012
1	Доктор на науки	2	8	8
2	Магистер на науки	38	45	46
3	ВСП	478	449	461
4	ВШП	94	88	85
5	ССП	450	426	418
6	ВКВ	1	1	1
7	КВ	1	1	1
8	останати	3	3	3
	Вкупно	**1067**	**1021**	**1023**

3.7. Не постојат значителните инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва, во изминатите три години.

3.8. Место и позиција на издавачот во гранката (описно):

- Согласно последниот објавен квартален Извештај за банкарскиот систем на Република Македонија на Народна Банка Република Македонија, а кој се однесува на третиот квартал од 2012 година, Стопанска Банка АД Скопје е рангирана во групата на големи банки, според критериум: актива поголема од 25,1 милијарда денари;
- Стопанска Банка АД Скопје има остварено најголема нето добивка за 2012 година, на ниво на целиот банкарски сектор и истата изнесува 799.801.000 денари, односно околу 13 милиони евра;
- Стопанска Банка АД Скопје има најголема стапка на адекватноста на капиталот во групата на големи банки, која изнесува 19,43% на 31.12.2012 година.

4. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

4.1. Информација за следните финансиски податоци за последните три години:

а) вкупни средства

б) вкупни обврски

в) добивка пред оданочување/загуба

г) нето добивка по акција

д) коефициент цена/добивка

ѓ) коефициент цена/книговодствена вредност на акција

е) износ на исплатена дивиденда по акција

ж) дивиденден принос

(во илјади денари)

Финансиски податок	2010	2011	2012
Вкупни средства	68.048.389	70.350.515	75.350.515
Вкупни обврски	59.749.893	61.227.319	65.628.703
Добивка пред оданочување	806.423	647.314	799.801

(во апсолутен износ)

Нето добивка по акција (за обичните акции)	45,98	36,07	45,56
Книговодствена вредност на акција (за обичните акции)	475,28	511,38	556,80
Коефициент цена/добивка (за обичните акции)	4,88	5,56	3,36
Коефициент цена/книговодствена вредност на акција (за обичните акции)	0,47	0,39	0,28
Износ на исплатена дивиденда по акција (за приоритетните акции)	32,00	26,00	21,00
Дивиденден принос (за приоритетните акции)	14,26	12,96	13,71

4.2. Стопанска Банка АД Скопје не поседува мнозинско учество во ниту едно трговско друштво.

5. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА

5.1. Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност:

- Барањето за задолжителна котација кое се доставува до Македонска Берза се однесува на вкупно 17.687.624 акции, односно на 17.460.180 обични акции со номинален износ од 201,10 денари по една акција и 227.444 приоритетни акции со номинален износ од 400,00 денари по една акција, издадени од издавачот Стопанска Банка АД Скопје.
- Вкупниот номинален капитал изнесува 3.602.219.798,00 денари, од кој вкупната номинална вредност на обичните акции изнесува 3.511.242.198,00 денари, а вкупната номинална вредност на приоритетните акции изнесува 90.977.600,00 денари.

5.2. Опис на правата кои им припаѓаат на акциите, а особено правото на глас, правото на учество во добивката, како и правата во случај на стечај односно ликвидација на издавачот:

Правата на акционерите се регулирани во членовите 11, 15, 16 и 18 од Статутот на Стопанска Банка АД Скопје, каде е наведено дека:

- Секој акционер на СБ ги има сите права, обврски и одговорности, утврдени со законите и Статутот на Банката;
- Акционерите на СБ имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на Собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или Статутот на Банката, добивката е изоставена од распределба меѓу акционерите;
- Учеството на акционерите во добивката се определува во согласност со законите, Статутот и интерните акти на СБ;
- Една обична акција носи право на глас во Собранието на акционери на СБ;
- Приоритетните акции не носат право на глас на Собранието на акционери на СБ;

- Imателите на приоритетни акции имаат право на исплата на дивиденда пред имателите на обични акции;
- Правата на акционерот престануваат со денот на бришењето на неговото име од Акционерската книга на СБ.

5.3. Наведување на одредбите од Статутот на друштвото кои се однесуваат на Собранието на акционери, соопштенија за акционерите, право на глас, дивиденда, ликвидација на друштвото, откуп на сопствени акции:

Правата на акционерите се регулирани во следните глави, односно членови:

- IV. ВКУПЕН ИЗНОС И ПРОМЕНА НА ПОЧЕТНИОТ КАПИТАЛ - членови 11 и 13;
- VI. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ИЗДВОЈУВАЊЕ НА РЕЗЕРВИ - член 18;
- VIII. ОРГАНИ НА СБ - членови 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34;
- IX. ДРУГИ ОДРЕДБИ - членови 74 и 79;
- Согласно законските прописи, Банката не смее да врши откуп на сопствени акции.

5.4. Статистички податоци за тргувањето со акциите на Стопанска Банка АД Скопје, за период од три години:

Преглед на цени и количини на истргувани обични акции (2010-2012)

Период	Последна истргувана цена	Мак.	Мин.	Просечна цена	Количина	Промет во денари
01.01.2010-31.12.2010	200	296	185	224,45	3.845.714	2.178.201.864,00
01.01.2011-31.12.2011	155	264	155	200,57	47.759	9.518.834,00
01.01.2012-31.12.2012	124	185	124	153,15	14.768	2.245.352,00

Движење на цената на обичните акции на Стопанска банка АД Скопје
(01.04.2010-25.03.2013)



Преглед на цени и количини на истргувани приоритетни акции (2010-2012)

Период	**Последна истргувана цена**	**Мак.**	**Мин.**	**Просечна цена**	**Количина**	**Промет во денари**
01.01.2010-31.12.2010	351	500	300	389,9	5.432	2.072.283,00
01.01.2011-31.12.2011	320	429	311	359,39	4.998	1.816.537,00
01.01.2012-31.12.2012	277	370	270	314,26	2.393	738.607,00

Движење на цената на приоритетните акции на Стопанска банка АД Скопје (01.04.2010-25.03.2013)



6. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ

Управен одбор на Стопанска банка АД - Скопје

1. **Диомидис Николетопулос**, Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на Управен одбор на СБ од 30.07.2010 година;

1.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Диомидис Николетопулос и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

1.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
2010 - денес	Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство	Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на Управен одбор на СБ
2009 - 2010	Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство	Меѓународен сектор за бизнис
2007 - 2008	Aspis Bank S.A..; Банкарство	Генерален директор за финансиски и оперативни активности
2006 - 2007	EFG Eurobank; Банкарство	Заменик генерален директор - Финансиски услуги на Групацијата
2000 - 2006	Laiki Bank S.A; Банкарство	Генерален директор за финансиски и оперативни активности
1990 - 2000	KPMG Peat Marwick; Ревизија и консултантски услуги	Директор на Сектор за банкарство

1.3. Диомидис Николетопулос не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

1.4. Диомидис Николетопулос не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

1.5. Диомидис Николетопулос нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

1.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Диомидис Николетопулос кои ги има во СБ како Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на УО и неговите приватни интереси или други одговорности;

2. **Тони Стојановски**, Заменик генерален директор за ризици и член на Управен одбор на СБ од 06.07.2010 година;

2.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Тони Стојановски и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

2.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
2010 - денес	Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство	Заменик генерален директор за ризици и член на Управен одбор на СБ
Ноември 2009 - Јули 2010	Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство	Директор на Сектор за управување со ризици
Јуни - Октомври 2009	НБРМ	Генерален директор на Сектор за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност
Декември 2007 - Мај 2009	НБРМ	Директор на Дирекција за вон-теренска супервизија и лиценцирање
Април 2004 - Декември 2007	НБРМ	Заменик директор на Дирекција за супервизија
Октомври 2002 - Март 2004	НБРМ	Советник на Гувернерот на НБРМ

2.3. Тони Стојановски не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

2.4. Тони Стојановски не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

2.5. Тони Стојановски нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

2.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Тони Стојановски кои ги има во СБ како Заменик генерален директор за ризици и член на УО и неговите приватни интереси или други одговорности.

3. **Теодолус Скордис,** Заменик генерален директор за корпоративно работење и член на Управен одбор на СБ од 20.12.2010 година.

3.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Теодолус Скордис и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

3.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
2010 - денес	Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство	Заменик генерален директор за корпоративно работење и член на Управен одбор на СБ
2009 - 2010	Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство	Директор за управување со кредитен ризик, Сектор за изготвување кредитни предлози
2006 - 2009	Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство	Директор на Сектор за кредитирање
2004 - 2006	Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство	Бизнис центар А2 (големи компании); Директор за односи со компаниите
1999 - 2004	Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство	Бизнис центар А2 (големи компании); Изготвување кредитни предлози
1986 - 1999	Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство	Сектор за физибилити студии во Регионалната администрација на Северна Грција, Виш аналитичар

3.3. Теодолус Скордис не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

3.4. Теодолус Скордис не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

3.5. Теодолус Скордис нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

3.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Теодолус Скордис кои ги има во СБ како Заменик генерален директор за корпоративо работење и член на УО и неговите приватни интереси или други одговорности.

Надзорен одбор на Стопанска банка АД - Скопје

1. **Константинос Братос,** Претседател на Надзорен одбор на СБ од 18.12.2012 година, Директор на Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;[1]

1.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Константинос Братос и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

1.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
Април 2012 - денес	Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство	Директор на Сектор за меѓународни активности
Април 2010 - Април 2012	United Bulgarian Bank AD; Банкарство	Извршен директор за корпоративно банкарство и бизнис
Август 2005 - Април 2010	Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство	Директор на Сектор за меѓународна мрежа „А“
Август 2002 - Јули 2005	Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство	Втор генерален директор

1.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД - Скопје, Константинос Братос е член на раководниот орган, односно надзорниот одбор во следниве банки:
- NBG Malta ltd;
- NBG Malta holdings;
- United Bulgarian Bank AD;
- Vojvodjanska Banka;
- NBG Egypt;
- NBG Banka Albanija.

1.4. Константинос Братос не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

1.5. Константинос Братос нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

1.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Константинос Братос кои ги има во СБ како Претседател на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

1.7. Константинос Братос е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

[1] Константинос Братос е член на Надзорниот одбор на СБ од 15-ти ноември, 2012 година.

2. **Панајотис Карандреас**, Заменик претседател на Надзорен одбор на СБ од 18.12.2012 година, Раководител на Оддел Б во Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;[2]

2.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Панајотис Карандреас и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

2.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
Август 2002 - денес	Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство	Сектор за меѓународни активности, Раководител на Оддел Б (мај 2010 - денес); Раководител на Дирекција за спојување и преземање (декември 2005 - мај 2010); и Раководител за односи со инвеститори (август 2002 - декември 2005).
Октомври 1997 - Јули 2002	Alpha Finance	Аналитичар
Јануари 1994 - Јануари 1997	Societe Generale (Атина)	Аналитичар и истражувач, Инвестициско банкарство
Август 1993 - Јануари 1994	Deloitte & Touche	Ревизор

2.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД - Скопје, Панајотис Карандреас е член на раководниот орган, односно надзорниот одбор во следниве банки:

- United Bulgarian Bank (UBB);
- Banka Romaneska – Bucharest Romania;
- NBG Lizing IFN - Bucharest Romania;
- NBG Factoring - Romania;
- NBG Cyprus Ltd;
- NBG Management Services ltd.

2.4. Панајотис Карандреас не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

2.5. Панајотис Карандреас нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

2.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Панајотис Карандреас кои ги има во СБ како Заменик претседател на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

2.7. Панајотис Карандреас е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

[2] Панајотис Карандреас е член на Надзорниот одбор на СБ од 23-ти септември, 2011 година.

3. **Димитриос Франгетис**, член на Надзорен одбор на СБ од 09.08.2010 година, Генерален директор за кредитирање на Национална банка на Грција С.А. Атина;[3]

3.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Димитриос Франгетис и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

3.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
2010 - денес	Национална банка на Грција СА. Атина; Банкарство	Генерален директор за кредитирање на Групацијата
2008 - 2010	Pireus Bank (Србија); Банкарство	Генерален директор и Претседател на Извршниот одбор
2004 - 2008	Pireus Bank (Албанија); Банкарство	Генерален директор
2000 - 2004	Emporiki Bank; Банкарство	Генерален директор и член на Управниот одбор
1999 - 2000	Alfa Bank; Банкарство	Генерален директор на Ionian Hotel Enterprises
1996 - 1999	Ionian Bank; Банкарство	Генерален директор и Заменик претседател на Управниот одбор

3.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД Скопје, Димитриос Франгетис е член на раководен орган, односно надзорниот одбор и на Finansbank (Турција) и Vojvodjanska Banka (Србија);

3.4. Димитриос Франгетис не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

3.5. Димитриос Франгетис нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

3.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Димитриос Франгетис кои ги има во СБ како член на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

3.7. Димитриос Франгетис е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

[3] Димитриос Франгетис поднесе оставка од функцијата член на Надзорен одбор на СБ со важност од 22 мај, 2013 година.

4. **Анастасиос Лизос**, член на Надзорен одбор на СБ од 29.03.2012 година (втор мандат), Раководител на Оддел А во Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;

4.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Анастасиос Лизос и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

4.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
Јули 2010 - денес	Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство	Раководител на Оддел А во Секторот за меѓународни активности
Јули 2008 - Јули 2010	Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство	Заменик директор на Оддел Б во Секторот за меѓународна мрежа
Декември 2002 - Јули 2009	Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство	Заменик директор на Оддел А во Секторот за меѓународна мрежа
Јуни 1993 - Декември 2002	Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство	Ревизор во Секторот за внатрешна ревизија

4.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД Скопје, Анастасиос Лизос е член на раководен орган, односно надзорниот одбор и на следниве банки:

- The South African Bank of Athens Ltd (SABA);
- NBG Bank Malta ltd;
- United Bulgarian Bank AD Bulgaria;
- Interlease AD;
- NBG Leasing, Serbia;
- Banka Romaneasca, Romania.

4.4. Анастасиос Лизос не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

4.5. Анастасиос Лизос нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

4.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Анастасиос Лизос кои ги има во СБ како член на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

4.7. Анастасиос Лизос е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

5. **Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис**, член на Надзорен одбор на СБ од 15.11.2012 година, Помошник генерален директор, Набавки и административна поддршка на Групацијата на Национална банка на Грција С.А. Атина;

5.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

5.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
Февруари 2008 - денес	Национална банка на Грција СА; Банкарство	Помошник генерален директор, Набавки и административна поддршка на Групацијата
Април 2002 - Ноември 2007	Cosmote Mobile; Телекомуникации	Директор на општи активности на Групацијата (2005); Директор на внатрешна ревизија (2002)
Септември 1996 - Март 2002	EFG Eurobank Ergasias	Раководител на Оддел за интеграција (април 2001); Раководител за управувањесо пазарни и оперативни ризици (јуни 2000); Виш ревизор (јануари 1999); Директор на ревизија (јануари 1996);
Септември 1995 - Август 1996	ABN AMRO Bank, Грција	Внатрешен ревизор
Октомври 1993 - Август 1994	KPMG Peat Marwick, Киријаку	Ревизор

5.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД Скопје, Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис е член на раководен орган, односно надзорен одбор на следните трговски друштва:

- ETHNDATA S.A., Services in Informatics and Organization (NBG);
- ETHNOPLAN S.A. (NBG).

5.4. Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

5.5. Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

5.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис кои ги има во СБ како член на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

5.7. Спиридос Ставрос Маврогалос Фотис е е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

6. **Димитра Гудуфа**, член на Надзорен одбор на СБ од 24.10.2012 година, Раководител на Оддел за Стратегија и Финансии во Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;

6.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Димитира Гудуфа и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

6.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив И сецтор на работодавачот	Работна позиција
Декември 2012 - денес	Национална банка на Грција СА; Банкарство	Раководител на Оддел за Стратегија и Финансии во Секторот за меѓународни активности
Септември 2006 - Ноември 2012	Национална банка на Грција СА; Банкарство	Советник за управување со перформанси
Март 2000 - Август 2006	Pricewaterhouse Coopers; Ревизија	Директор на Дирекција за корпоративни финансии

6.3. Димитира Гудуфа не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

6.4. Димитира Гудуфа не била член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

6.5. Димитира Гудуфа нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

6.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Димитира Гудуфа кои ги има во СБ како член на Надзорен одбор и нејзините приватни интереси или други одговорности;

6.7. Димитра Гудуфа е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таква е предложена и именувана за член на Надзорен одбор на СБ.

7. **Благоја Наневски**, независен член на Надзорен одбор на СБ од 29.03.2012 година (втор мандат), Професор на Факултетот за бизнис и економија - Скопје.

7.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Благоја Наневски и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

7.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
2008 - денес	Стопанска банка АД Скопје; Банкарство	Независен член на Надзорен одбор на СБ
1971 - денес	Институт за Економија - Скопје при Универзитетот св. Кирил и Методиј; високо образование	Редовен професор и координатор на Отсек за Финансии и банкарство

7.3. Благоја Наневски не е член на одбор на директори, односно управен или надзорен одбор на друго трговско друштво;

7.4. Покрај акциите во Стопанска банка АД Скопје, Благоја Наневски поседуваа акции во следниве трговски друштва:
- Бетон Скопје, 4 обични акции;
- Комерцијална банка АД Скопје, 222 обични акции;
- Макошпед, 291 обични акции;
- Македонија Турист, 31 обични акции;
- Стопанска банка АД Битола, 102 обични акции;
- ТТК Банка АД Скопје, 100 обични акции.

7.5. Благоја Наневски не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

7.6. Благоја Наневски поседува 8569 обични акции (0.06% од вкупниот број обични акции) и 200 приоритетни акции (0.07% од вкупниот број приоритетни акции) во Стопанска банка АД Скопје. Врз овие акции не постои било какво времено ограничување на располагањето со истите;

7.7. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Благоја Наневски кои ги има во СБ како независен член на Надзорен одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

7.8. Не постои договор или соработка помеѓу Благоја Наневски и големите акционери, клиенти, добавувачи и други лица врз основа на што тој е предложен за член на Надзорен одбор на СБ.

8. **Владимир Кандикјан**, независен член на Надзорен одбор на СБ од 29.03.2012 година (втор мандат), Професор на Правен факултет Јустинијан Први, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје.

8.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Владимир Кандикјан и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

8.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

Период од-до (години)	Назив и сектор на работодавачот	Работна позиција
2009 - денес	Совет на Докторски студии при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје; високо образование	Член на Советот на Докторски студии
2008 - денес	Стопанска банка АД Скопје; Банкарство	Независен член на Надзорен одбор на СБ
2008 - денес	Стопанска банка АД Скопје; Банкарство	Член на Одбор за ревизија на СБ
2004 - 2008	НБРМ	Член на Советот на Гувернери на НБРМ
2003 - 2006	Влада на Република Македонија; економија	Член на Економскиот совет на Владата на РМ
2002 - денес	Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Правен факутет; високо образование	Редовен професор
2001 - 2007	Стопанска банка АД Скопје; Банкарство	Претседател на Одборот за управување со ризици
1997 - 1999	Комисија за хартии од вредност на РМ; финансии	Претседател на Комисијата за хартии од вредност
1995 - 2008	Стопанска банка АД Скопје; Банкарство	Член на Управниот одбор

8.3. Владимир Кандикјан не е член на раководниот орган, односно надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

8.4. Владимир Кандикјан не била член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

8.5. Владимир Кандикјан поседува 30 приоритетни акции во Стопанска банка АД - Скопје (0.01% од вкупните приоритетни акции). Врз овие акции не постои никакво времено ограничување за располагање со истите;

8.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Владимир Кандикјан кои ги има во СБ како независен член на Надзорен одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

8.7. Не постои договор или соработка помеѓу Владимир Кандикјан и големите акционери, клиенти, добавувачи и други лица врз основа на што тој е предложен за член на Надзорен одбор на СБ.

7. РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ

7.1. Информација за развојните перспективи во деловното работење, особено во производството, продажбата и трошоците за период од 3 години:

Деловниот план и развојна политика на Стопанска банка АД - Скопје за периодот 2012-2014 година се вклучени во ***Прилоī 4*** на овој Проспект, а во продолжение следи Резимето на Деловниот план:

- Економско опкружување - скромно закрепнување ;
- Благо закрепнување на економските активности;
- Инфлацијата базирана на Индексот на потрошувачки цени (ИПЦ) да се задржи на ниво под 3.0%;
- Банкарскиот сектор се очекува да остане добро капитализиран, финансиран од депозити и последователно да задржи низок профил на ризик;
- Поинтензивни реформи за зголемување на конкурентноста и пристапувањето во ЕУ;
- Главни цели - силна капитална база, пруденто управување со ризиците и нормализирање на наградувањето на акционерите;
- Продолжување со давањето на одлични услуги на клиентите;
- Поддржување на нови динамични сектори;
- Да се биде доверлив партнер на клиентите преку обезбедување супериорен квалитет на услугите и сеопфатни пакети на банкарски производи и услуги;
- Дисперзирање на базата на корпоративни депозити со директна вкрстена продажба и воведување на нови конкурентни производи;
- Зајакнување на мерките за наплата;
- Продолжување со ефикасната политика за намалување на трошоците како постојана вредност на Банката;
- Подобрување на продажните вештини на мрежата на филијали и каналите за продажба преку трети лица;
- Имплементирање на пруденттните барања за адекватност на капиталот;
- Главни финансиски резултати;
- Добивката пред оданочување во 2014 година ќе достигне 23,8 милиони ЕУР;

- Повратот на капитал ќе биде на ниво од 12.2%;
- Нето каматната маргина ќе изнесува 3.5%;
- Коефициентот на расходи во однос на приходи ќе забележи пад на 52%;
- Коефициентот на ризичните пласмани ќе изнесува 8.1%;
- Состојбата на кредити (бруто) ќе се зголеми за 24.0% (за периодот 2012-2014);
- Состојбата на депозити ќе се зголеми за 27.0% (за периодот 2012-2014).

Забелешка: Деловниот план и развојната политика на Стопанска банка АД Скопје за периодот 2013-2015 (Бизнис план) е во постапка на донесување. Имено, Деловниот план и развојната политика на СБ за периодот 2013-2015 е дел од Дневниот ред на 32-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) која е закажана за 22 Мај, 2013 година.

7.2. Основните претпоставки и проценка за движење на добивката во наредните 3 години:

(во илјади евра)

	2012 Буџет	**2013 Деловен План**	**2014 Деловен План**	**Индекс 2014/2012**	**Просечна стапка на пораст**
Добивка пред оданочување	14.686	17.976	23.778	161,9	22,9%

8. ФИНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

8.1. Финансиските извештаи на Стопанска Банка АД Скопје, се во овој Проспект дадени во *Прилог 1* (за 2011 година) и *Прилог 2* (за 2012 година) и ги опфаќат целосните консолидирани и неконсолидирани годишни ревизорски извештаи, изготвени согласно меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Репубика Македонија, составени од: Ревизорско мислење, Ревидиран биланс на состојба, Ревидиран биланс на успех, Ревидиран извештај за паричните текови, Ревидиран извештај за промените во капиталот и Ревидираните белешки кон финансиските штаи.

СТОПАНСКА БАНКА АД, СКОПЈЕ

Финансиски извештаи и
Извештај на независните ревизори
за годината што завршува
на 31 декември 2012

СОДРЖИНА

	Страна
Одговорност за финансиските извештаи	1
Извештај на независниот ревизор	2
Биланс на успех	3
Извештај за сеопфатна добивка	4
Биланс на состојба	5 - 6
Извештај за промени во капиталот и резервите	7 - 8
Извештај за паричниот тек	9 - 10
Белешки кон финансиските извештаи	11 - 128

.

ОДГОВОРНОСТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Раководството на Стопанска Банка АД, Скопје (во понатамошниот текст "Банката") е одговорно за подготвување на финансиските извештаи за секоја финансиска година во согласност со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи пропишана од страна на Народна банка на Република Македонија и сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија, кои даваат реална и објективна слика на финансиската состојба и резултатите од работењето на Банката за годината.

По извршените испитувања, раководството на Банката има разумни очекувања дека Банката има адекватни ресурси да продолжи во своето оперативно делување во блиска иднина. Поради таа причина, раководството на Банката продолжува да го применува принципот на континуитет во подготовката на финансиските извештаи. Во подготовката на овие финансиски извештаи, одговорноста на раководството на Банката вклучува обезбедување на:

- Избор и конзистентна примена на соодветни сметководствени политики;
- Проценки и расудувања кои се разумни и издржани;
- Сметководствените стандарди кои се во примена се следат, а нивното материјално неприменување е обелоденето и објаснето во финансиските извештаи; и
- Финансиските извештаи се подготвени врз основа на принципот на континуитет освен ако не е соодветно да се претпостави дека Банката нема да продолжи во дејноста.

Раководството на Банката е одговорно за чување на исправна сметководствена документација, која со разумна сигурност во било кое време ја обелоденува финансиската состојба на Банката и мора исто така да обезбеди финансиските извештаи да се во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија. Раководството на Банката е исто така одговорно за чување на средствата на Банката и во таа насока да презема разумни мерки на превенција и откривање на измами и други нерегуларности.

Потпишано во име на Стопанска банка АД, Скопје:

Д-р Глигор Бишев
Генерален извршен директор,
Претседател на Управен Одбор

Диомидис Николетопулос
Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности, Член на Управен одбор

М-р Тони Стојановски
Заменик генерален директор за ризици,
Член на Управен одбор

Теодолус Скордис
Заменик генерален директор за корпоративно работење,
Член на Управен одбор

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД, СКОПЈЕ

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (стр. 3 до 128) на Стопанска банка АД, Скопје (во понатамошниот текст "Банката"), кои се состојат од билансот на состојба на ден 31 декември 2012 година, како и билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во капиталот и резервите и извештајот за паричниот тек за годината што тогаш завршува и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствената регулатива што се применува во Република Македонија и регулативата на Народна Банка на Република Македонија, како и за интерните контроли кои се релевантни за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија на Република Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи на Стопанска банка АД, Скопје за годината која завршува на 31 декември 2012, се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија.

Дилоит ДОО

Скопје, 1 април 2013 година

Лидија Нануш
Директор
Овластен ревизор

Александар Аризанов
Овластен ревизор

БИЛАНС НА УСПЕХ
за периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година
(Во илјади денари)

	Белешка	2012	2011
Приходи од камата		4.634.327	4.494.952
Расходи за камата		(2.066.489)	(2.302.664)
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**2.567.838**	**2.192.288**
Приходи од провизии и надомести		1.025.772	945.138
Расходи за провизии и надомести		(84.388)	(91.136)
Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**941.384**	**854.002**
Нето-приходи од тргување	8	51.477	30.720
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	-	-
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	106.507	133.796
Останати приходи од дејноста	11	219.219	213.413
Удел во добивката на придружените друштва	24	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	12	(1.039.086)	(743.531)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	(74.051)	(6.100)
Трошоци за вработените	14	(714.768)	(731.202)
Амортизација	15	(168.399)	(187.862)
Останати расходи од дејноста	16	(1.090.320)	(1.108.210)
Удел во загубата на придружените друштва	24	-	-
Добивка пред оданочување		**799.801**	**647.314**
Данок на добивка	17	(4.322)	(17.569)
Добивка за финансиската година		**795.479**	**629.745**
Заработка по акција	41		
Основна заработка по акција (во денари)		45,56	36,07
Разводнета заработка по акција (во денари)		45,56	36,07

Белешките кон финансиските извештаи од страна 11 до 128 претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Финансиски извештаи се одобрени од страна на раководството на Банката на 28 јануари 2013 и се усвоени од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Потпишано во име на Стопанска Банка АД, Скопје:

Д-р Глигор Бишев
Генерален извршен директор,
Претседател на Управен Одбор

Диомидис Николетопулос
Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности, Член на Управен одбор

М-р Тони Стојановски
Заменик генерален директор за ризици,
Член на Управен одбор

Теодолус Скордис
Заменик генерален директор за корпоративно работење,
Член на Управен одбор

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
за периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година
(Во илјади денари)

	Белешка	2012	2011
Добивка/(загуба) за финансиската година		795.479	629.745
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за средства расположиви за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположиви за продажба		(2.502)	594
- реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположиви за продажба, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
Резерви за инструменти за заштита од ризикот од паричните токови		-	
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31	-	-
Вкупно обврски		**65.628.703**	**61.227.319**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА (продолжение)
На ден 31 декември 2012
(Во илјади денари)

	Белешка	2012	2011
КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ			
Запишан капитал	40	3.511.242	3.511.242
Премии од акции		-	-
Сопствени акции		-	-
Други сопственички инструменти		-	-
Ревалоризациски резерви	40	(2.560)	(58)
Останати резерви	40	831.373	831.373
Задржана добивка		5.381.757	4.586.278
Вкупно капитал и резерви		**9.721.812**	**8.928.835**
Вкупно обврски и капитал и резерви		**75.350.515**	**70.156.154**
Потенцијални обврски	42	10.666.889	11.347.905
Потенцијални средства	42	-	-

Белешките кон финансиски извештаи од страна 11 до 128
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Потпишано во име на Стопанска банка АД, Скопје:

Д-р Глигор Бишев
Генерален извршен директор,
Претседател на Управен Одбор

Диомидис Николетопулос
Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности,
Член на Управен одбор

М-р Тони Стојановски
Заменик генерален директор за ризици,
Член на Управен одбор

Теодолус Скордис
Заменик генерален директор за корпоративно работење,
Член на Управен одбор

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ
за периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година
(Во илјади денари)

	Капитал				Останати резерви			Ревалоризациони резерви				Задржана добивка			
	Запишан капитал	**Премии од акции**	**(Сопстве-ни акции)**	**Други сопстве-нички инстру-менти**	**Законска резерва**	**капитал на компоне нта на хибридн и финанси ски инструм енти**	**Останати резерви**	**Ревалори-зациски резерви за средства располож-ливи за продажба**	**Резерви за заштита од ризикот**	**Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење**	**Останати ревалори-зациски резерви**	**Располож-лива за распре-делба на акционе-рите**	**Ограни-чена за распре-делба на акционерите**	**(Акумулирани загуби)**	**Вкупно капитал и резерви**
На 31декември 2010 / 1 јануари 2011	3.511.242	-	-	-	709.889	-	1.083	(652)	-	-	-	802.676	3.274.258	-	8.298.496
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	629.745	-	-	629.745
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на средствата расположиви за продажба	-	-	-	-	-	-	-	594	-	-	-	-	-	-	594
Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на парични текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на заштита од ризикот не нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни средства/(обврски) признаени во капиталот	-	-	-	-	-	-	-		-	-	-	-	-	-	
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиаката година	-	-	-	-	-	-	-	594	-	-	-	629.745	-	-	630.339
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите				-	-	-									
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	120.401	-	-	-	-	-	-	(120.401)	-	-	-
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(246.021)	246.021	-	-
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	120.401	-	-	-	-	-	-	(366.422)	246.021	-	-
На 31 декември 2011 година	**3.511.242**	**-**	**-**	**-**	**830.290**	**-**	**1.083**	**(58)**	**-**	**-**	**-**	**1.065.999**	**3.520.279**	**-**	**8.928.835**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (продолжение)
за периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година
(Во илјади денари)

	Капитал				Останати резерви			Ревалоризациони резерви				Задржана добивка			
	Запишан капиталх	**Премии од акции**	**(Сопстве-ни акции)**	**Други сопстве-нички инстру-менти**	**Законска резерва**	**капитал на компоненти на хибридни и финансиски инструменти**	**Останати резерви**	**Ревалори-зациски резерви за средства располож-ливи за продажба**	**Резерви за заштита од ризикот**	**Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење**	**Останати ревалори-зациски резерви**	**Располож-лива за распре-делба на акционе-рите**	**Ограни-чена за распре-делба на акционерите**	**(Акумулирани загуби)**	**Вкупно капитал и резерви**
На 31декември 2011 / 1 јануари 2012	3.511.242	-	-	-	830.290	-	1.083	(58)	-	-	-	1.065.999	3.520.279	-	8.928.835
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	795.479	-	-	795.479
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на средствата расположиви за продажба	-	-	-	-	-	-	-	(2.502)	-	-	-	-	-	-	(2.502)
Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на парични текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на заштита од ризикот не нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни средства/(обврски) признаени во капиталот	-	-	-	-	-	-	-		-	-	-	-	-	-	
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиаката година	-	-	-	-	-	-	-	(2.502)	-	-	-	795.479	-	-	792.977
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите															
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	-	-
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(246.020)	246.020	-	-
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(246.020)	246.020	-	-
На 31 декември 2012 година	**3.511.242**	**-**	**-**	**-**	**830.290**	**-**	**1.083**	**(2.560)**	**-**	**-**	**-**	**1.615.458**	**3.766.299**	**-**	**9.721.812**

Белешките кон финансиски извештаи од страна 11 до 128 претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Потпишано во име на Стопанска банка АД, Скопје:

Д-р Глигор Бишев
Генерален извршен директор,
Претседател на Управен Одбор

Диомидис Николетопулос
Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности,
Член на Управен одбор

М-р Тони Стојановски
Заменик генерален директор за ризици,
Член на Управен одбор

Теодолус Скордис
Заменик генерален директор за корпоративно работење, Член на Управен одбор

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК
за периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година
(Во илјади денари)

	Белешка	2012	2011
Паричен тек од основната дејност			
Добивка пред оданочување		799.801	647.314
Коригиран за:			
Амортизација на:			
нематеријални средства	15/28	40.435	38.661
недвижности и опрема	15/29	127.964	149.201
Капитална добивка од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема	11	(2.495)	(2.619)
продажба на преземени средства врз основа на ненапл. побарувања	11	-	(17.461)
Капитална загуба од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	-
продажба на преземени средства врз основа на ненапл. побарувања	16	-	4.717
Приходи од камата	6	(4.634.327)	(4.494.952)
Расходи за камата	6	2.066.489	2.302.664
Нето-приходи од тргување	8	(51.477)	(30.720)
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа:			
дополнителна исправка на вредноста	12	1.396.643	1.265.911
ослободена исправка на вредноста	12	(357.557)	(522.380)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа:			
дополнителни загуби поради оштетување	13	74.051	6.100
ослободени загуби поради оштетување		-	-
Посебна резерва:			
дополнителни резервирања	38	26.708	67.606
ослободени резервирања	38	(40.145)	(76.548)
Приходи од дивиденди		(4.520)	(3.070)
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва		-	-
Останати корекции – добивка од продажба на средства расположливи за продажба	11	(5.000)	-
Наплатени камати		4.635.192	4.480.057
Платени камати		(2.083.487)	(2.306.758)
Добивка од дејноста пред промените на деловната актива:		**1.988.275**	**1.507.723**
(Зголемување)/намалување на деловната актива:			
Средства за тргување		(39.223)	(20.966)
Дериватни средства чувани за управување со ризик		-	-
Кредити на и побарувања од банки		(173.208)	(2.931)
Кредити на и побарувања од други комитенти		(2.389.378)	(2.706.853)
Заложени средства		-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		116.759	35.014
Задолжителна резерва во странска валута		199.566	(61.069)
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи		(24.369)	-
Останати побарувања		(11.094)	(40.108)
Одложени даночни средства		-	15.504
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување		-	-
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:			
Обврски за тргување		-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик		-	-
Депозити на банки		118.790	(2.174.041)
Депозити на други комитенти		2.553.923	3.194.448
Останати обврски		58.811	111.006
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување		-	-
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочување		**2.398.852**	**(142.273)**
(Платен)/ поврат на данок на добивка		(1.670)	(4.800)
Нето паричен тек од основната дејност		**2.397.18 2**	**(147.073)**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК (продолжение)
за периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година
(Во илјади денари)

	Белешка	2012	2011
Паричен тек од инвестициска дејност			
(Вложувања во хартии од вредност)		(2.891.449)	(677.060)
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност		1.336.957	1.817.874
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)		-	-
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва		-	-
(Набавка на нематеријални средства)		(18.838)	(20.369)
Приливи од продажбата на нематеријални средства		-	-
(Набавка на недвижности и опрема)		(36.138)	(52.895)
Приливи од продажбата на недвижности и опрема		2.599	2.619
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)		-	-
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба		-	-
(Останати одливи од инвестициска дејност)		-	-
Останати приливи од инвестициска дејност		1.802	3.765
Нето паричен тек од инвестициска дејност		**(1.605.067)**	**1.073.934**
Паричен тек од финансирањето			
(Отплата на издадени должнички хартии од вредност)		-	-
Приливи од издадени должнички хартии од вредност		-	-
(Отплата на обврските по кредити)		(192.275)	(71.829)
Зголемување на обврските по кредити		1.875.572	425.748
(Отплата на издадените субординирани обврски)		-	-
Приливи од издадените субординирани обврски		-	-
Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот		-	-
(Откуп на сопствени акции)		-	-
Продадени сопствени акции		-	-
(Платени дивиденди)		(6,555)	(8.139)
(Останати одливи од финансирањето)		-	-
Останати приливи од финансирањето		-	-
Нето паричен тек од финансирањето		**1.676.742**	**345.780**
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти		(26.046)	-
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти		-	-
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти		**2.442.811**	**1.272.641**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари		18.786.841	17.514.200
Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември		**21.229.652**	**18.786.841**

Белешките кон финансиските извештаи од страна 11 до 128 претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Д-р Глигор Бишев
Генерален извршен директор,
Претседател на Управен Одбор

Диомидис Николетопулос
Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности,
Член на Управен одбор

М-р Тони Стојановски
Заменик генерален директор за ризици,
Член на Управен одбор

Теодолус Скордис
Заменик генерален директор за корпоративно работење, Член на Управен одбор

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

1. ВОВЕД

а) Општи информации

Стопанска Банка АД, Скопје е трансформирана во акционерско друштво на 29 декември 1989 година. Главните активности се обавуваат и нејзиното седиште се наоѓа на ул. 11 октомври бр.7, 1000 Скопје. Банката своите активности во Република Македонија ги извршува преку мрежа на 64 филијали (2011: 64 филијали).

Банката е регистрирана како универзален тип на комерцијална банка, во согласност со македонските закони. Основните активности на Банката се следните:

- Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- Кредитирање во земјата и странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- Издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, меници);
- Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- Брз трансфер на пари;
- Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, сертификати за депозити);
- Тргување со девизни средства, хартии од вредност и финансиски деривативи;
- Финансиски лизинг;
- Менувачки работи;
- Купопродажба гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
- Економско-финансиски консалтинг;
- Обезбедување на услуги во наплата на фактури, водење евиденција;
- Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- Управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
- Давање на услуги на банка-чувар на имот;
- Посредување при склучување договори за кредити и заеми и при продажба на полиси за осигурување;
- Обезбедување услуги на изнајмување на сефови, остава и депо;
- Други финансиски услуги утврдени со закон што може да ги врши само банка.

Банката е контролирана од страна на Национална Банка на Грција, со седиште во Грција, која поседува 94,64% (2011: 94,64%) од капиталот на Банката и претставува нејзина крајна матична компанија.

Акциите на Банката котираат на редовниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, а кодот под кој котираат е следниот:

Шифра на хартија од вредност	ИСИН број
СТБ (обична акција)	MKSTBS101014
СТБП (приоритетна акција)	MKSTBS120014

1. ВОВЕД (продолжение)

а) Општи информации (продолжение)

Финансиски извештаи на Банката за годината што заврши на 31 декември 2012 година беа одобрени од страна на раководството на Банката на 28 јануари 2013 година и се усвоени од страна на Надзорниот одбор на Банката.

б) Основи за изготвување на финансиските извештаи

Стандарди врз основа на кои се подготвени финансиските извештаи

Податоците во приложените финансиски извештаи на Банката се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за банки, подзаконската регулатива пропишана од страна на Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст "НБРМ"), како и во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст "Методологија") („Службен весник на РМ" бр. 196/10) и Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на РМ" бр. 169/10, 152/11 и 54/12), пропишани од страна на НБРМ и кои се во примена од 31 декември 2011 година.

На 20 декември 2012 година е објавена Одлука за изменување на Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на РМ" бр.165/2012), којашто ќе почне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Презентација на финансиските извештаи

Придружните финансиски извештаи на Банката се прикажани во согласност со формата и содржината на билансните шеми објавени во Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките ("Службен весник на РМ" бр.169/2010, 152/2011 и 54/2012), (во понатамошниот текст "Одлуката"), кои во поединечни делови отстапуваат од начинот на презентација на одредени позиции во финансиските извештаи во согласност на барањата на Меѓународниот сметководствен стандард (МСС) 1 - Презентација на финансиските извештаи. Имено, извршени се одредени рекласификации на поединечните позиции со цел прикажување на финансиските извештаи во формат кој се бара согласно Одлуката, и кои потенцијално значајно се разликуваат во однос на МСС 1 во следното:

- Презентацијата на "Вложувањата во недвижности" согласно МСС 40 во износ од нето сегашна вредност на 31 декември 2012 година од 114.421 илјади денари (2011: 62.947 илјади денари) не е направена и истата е вклучена во Недвижности и опрема и Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања во износ од 37.591 илјади денари и 76.830 илјади денари, соодветно (2011: 40.479 илјади денари и 22.468 илјади денари, соодветно).

Раководството на Банката го проценува влијанието на промените на МСС, новите МСФИ и нивните толкувања врз финансиските извештаи како и барањата за форматот и содржината на одредени билансни шеми во согласност со Одлуката и вреднувањата на средствата, обврските, приходите и расходите во согласност со барањата на Методологијата. Како резултат на тоа, раководството на Банката не изразува експлицитна и безрезервна изјава за усогласеноста на финансиските извештаи во однос на МСС и МСФИ, кои се применуваат во периодот прикажан во приложените финансиски извештаи.

1. ВОВЕД (продолжение)

б) Основи за изготвување на финансиските извештаи (продолжение)

Презентација на финансиските извештаи (продолжение)

Приложените финансиски извештаи се подготвени во согласност со принципот на историска набавна вредност, освен за вреднувањето на вложувањата во финансиските средства расположливи за продажба кои се вреднуваат по објективна вредност, како и други финансиски средства и финансиски обврски кои се вреднуваат по објективна вредност преку билансот на успех врз основа на претпоставката на принципот на континуитет.

Презентацијата на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија, бара користење на најдобро можни проценки и разумни претпоставки од страна на раководството на Банката, кои имаат ефекти на презентираните вредности на средствата и обврските, како и на приходите и расходите настанати во периодот на известување. Овие процени и претпоставки се засновани на искуство од минатото и други фактори за кои се верува дека се разумни во околностите и чии резултати претставуваат основа за проценка на сметководствената вредност на средствата и обврските за кои не се достапни податоци од други извори. Реалните резултати можат да се разликуваат од проценетите износи.

Презентираните финансиски извештаи се искажани во илјади македонски денари. Денарот претставува функционална и известувачка валута на Банката за целите на известувањето до НБРМ.

Проценките и претпоставките се разгледуваат на континуирана основа. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој проценката е ревидирана ако истата има влијание само на тој период или пак во периодот на проценка и идните периоди ако ревидираната проценка има влијание на двата периоди - тековниот и идниот период.

Информации во однос на значајните области за кои постои неизвесност врз основа на проценка и критичните проценки во примената на сметководствените политики кои имаат најзначаен ефект на износите обелоденети во финансиските извештаи се наведени во Белешка 1.г).

Финансиските извештаи на Банката се подготвени во согласност со сметководствените политики образложени во Белешката 1.в) кон финансиските извештаи.

Придружните финансиски извештаи претставуваат поединечни финансиски извештаи на Банката.

в) Значајни сметководствени политики

Приходи и расходи по основ на камати

Приходите и расходите по основ на камати се признаваат во билансот на успех за сите каматоносни инструменти на пресметковна основа, според амортизирана набавна вредност со користење на ефективна каматна стапка.

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Методот на ефективна каматна стапка е метод за пресметка на амортизирана набавна вредност на финансиските средства или финансиските обврски преку алокација на приходите од камата и расходите за камата во соодветниот релевантен период. Ефективната каматна стапка е стапка со која се дисконтираат проценетите идни парични приливи или одливи во текот на очекуваниот век на финансискиот инструмент или, каде што е соодветно, за пократок период до нето сметководствената вредност на финансиското средство или финансиската обврска. При пресметката на ефективната каматна стапка, Банката врши проценка на паричните текови имајќи ги во предвид договорените услови за финансиските инструменти (на пример, опциите за предвремена отплата) но, не ги зема во предвид идните загуби поради оштетување. Интегрален дел на пресметката на ефективната каматна стапка се и сите платени и наплатени провизии и надоместоци помеѓу договорните страни, како и трансакционите трошоци и сите други премии или дисконти при одобрување на кредитите.

Приходи од надоместоци и провизии

Провизиите и надоместоците, со исклучок на надоместоците за одобрување на кредити, генерално се признаваат на пресметковна основа во периодот кога се врши услугата. Останатите надоместоци за одобрување на кредити се разграничуваат и амортизираат за времетраењето на кредитот со примена на методата на ефективна каматна стапка.

Приходи од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат кога правото за да се добие дивиденда е востановено за сите акционери кои учествуваат во распределбата.

Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажани во денари со примена на официјалните девизни курсеви на НБРМ, кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот на состојба. Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, како и во однос на вреднувањето на средствата и обврските во странска валута се вклучени во билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Превземените и потенцијалните обврски деноминирани во странска валута се преведуваат во денари со примена на официјалните девизни курсеви кои важат на датумот на билансот на состојба.

Финансиски средства

Финансиските средства се класифицирани во следните категории: хартии од вредност за тргување, финансиски средства расположливи за продажба, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и побарувања по основа на кредити. Класификацијата зависи од природата и намената на финансиските средства и се одредува во време на нивното почетно признавање. Финансиските средства се признаваат и депризнаваат на датумот на тргување кога купувањето или продавањето на вложувањето е според договор чии што одредби бараат испорака на вложувањето во договорените временски рамки.

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Финансиски средства кои се чуваат за тргување

Хартиите од вредност за тргување, кои се состојат од обврзници издадени од државата и сопственички инструменти издадени од банки, се хартии од вредност вклучени во портфолио за кое постои намера за остварување на профит на краток рок. Хартиите од вредност за тргување иницијално се признаваат по набавната вредност и последователно се признаваат според нивната објективна вредност врз основа на нивната пазарна цена.

Сите поврзани реализирани и нереализирани добивки и загуби се вклучени во нето приходи од тргување. Каматата, ако е остварена за време на располагањето со хартиите од вредност за тргување, се евидентира како приход од камата. Купопродажбата на хартиите од вредност за тргување се признава на датумот на тргувањето, што го претставува датумот кога Банката се обврзува да го купи или продаде средството.

Финансиски средства расположиви за продажба

Финансиски средства расположиви за продажба се оние финансиски средства коишто се чуваат на неопределено време, и истите можат да бидат продадени доколку постои потреба за решавање на проблеми поврзани со ликвидноста или промена на каматните стапки, девизните курсеви или пак цената на акциите. Прикажаното портфолио е составено од сопственички хартии од вредност во банки, финансиски институции и претпријатија, врз кои Банката нема контрола.

Финансиските средства расположиви за продажба почетно се признаваат по набавната вредност и потоа последователно се вреднувани според објективната вредност, а врз основа на пазарната вредност или врз основа на износите добиени со примена на методи на парични текови за вложувањата во друштва кои не котираат на берза.

Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промена на објективната вредност на финансиските средства расположиви за продажба се признаваат директно во главнината, се додека не се продаде сопственичката хартија од вредност или додека не се оцени дека истата е обезвреднета, во кој момент кумулативната нереализирана добивка или загуба претходно признаена во главнината се вклучува во нето добивката или загубата за периодот. Пресметаната камата со примена на методот на ефективна каматна стапка како и евентуалните загуби поради оштетување и позитивните и негативните курсни разлики се признаваат во билансот на успех.

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање претставуваат финансиски средства со фиксни или определени плаќања и фиксно доспевање, за кои Банката има намера и можност да ги чува до доспевање. Ако Банката продаде било каков дел од вложувањата кои се чуваат до доспевање кој не би бил нематеријален, во таков случај целата категорија би се рекласифицирала во финансиски средства расположиви за продажба. Овие хартии од вредност се прикажани според амортизираната набавна вредност со примена на методот на ефективната каматна стапка.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Кредити одобрени од Банката

Кредитите одобрени од Банката ги вклучуваат кредитите кога средствата се одобрени на коминтентите. Кредитите иницијално се признаваат по објективна вредност, вклучувајќи ги сите трансакциски трошоци, а последователно се вреднуваат според амортизираната набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка. Каматите врз основа на кредити одобрени од Банката се вклучени во приходи од камати и истите се признаваат на пресметковна основа. Кредитите одобрени на комитентите и финансиските институции се прикажани во нето износ намалени за загубата поради оштетување.

Загуби поради оштетување на финансиски средства

Банката проценува на датумот на секој биланс на состојба дали постои објективен доказ дека финансиското средство или група на финансиски средства има загуба поради оштетување. Во случај на вложувања класифицирани како расположливи за продажба, ако има значајно или пак пролонгирано намалување на нивната објективната вредност под нивната набавна вредност, во таков случај истите се разгледуваат при утврдувањето дали средствата имаат загуба поради оштетување.

Доколку постои таков доказ за вложувањата расположливи за продажба, во таков случај, кумулативната загуба – мерена како разлика помеѓу набавната вредност на вложувањето и неговата тековна објективна вредност, намалена за било какви загуби поради оштетување претходно признаени во билансот на успех – се елиминира од главнината и се признава во билансот на успех. Загубите поради оштетување признаени во билансот на успех на вложувањата кои се вреднуваат преку главнината, не се сторнираат преку билансот на успех. Ако, во подоцнежниот период, објективната вредност на вложувањата класифицирани како расположливи за продажба се зголеми и таквото зголемување може објективно да се врзе со настан кој се случил по признавањето на загубите поради оштетување во билансот на успех, во таков случај загубите поради оштетување се сторнираат преку билансот на успех.

Износот на загубите поради оштетување за финансиските средства кои се вреднуваат според амортизирана вредност се пресметува како разлика помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на очекуваните парични приливи дисконтирани според оригиналната ефективна каматна стапка на таквиот финансиски инструмент.

Резервации за загуби поради оштетување на кредити и побарувања

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите и побарувањата се утврдуваат доколку постојат објективни докази дека Банката нема да може да ги наплати сите достасани износи по побарувањата според оригиналните договорни услови. Всушност поимот “побарувања” има значење на кредити, договорени обврски како што се акредитиви, гаранции или договорени обврски за зголемување на кредитниот лимит. Резервацијата за загуби поради оштетување по кредити се искажува како намалување на сметководствената вредност на кредитот, додека за вонбилансните ставки, резервацијата се искажува во рамките на ставката резервации. Зголемувањата на резервациите се вршат преку искажаните загуби поради оштетување признати во билансот на успех.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Резервации за загуби поради оштетување на кредити и побарувања (продолжение)

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите и на останатите активни билансни и вонбилансни позиции се врши во согласност со регулативата пропишана од страна на НБРМ со важност на секој датум на билансот на состојба, според која Банката е должна да ги класифицира активните билансни и вонбилансни позиции во групи според степенот на нивната ризичност и да изврши проценка на износот на потенцијалните загуби поради оштетување кои се пресметуваат со примена на објективни и субјективни мерила на 31 декември 2012 година и 31 декември 2011 година со примена на следните проценти:

Ризична категорија	Процент
А	од 0% до 10%
Б	над 10% до 25%
В	над 25% до 50%
Г	над 50% до 75%
Д	над 75% до 100%

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите се утврдуваат врз основа на степенот (големината) на ризикот од ненаплативост или специфичниот ризик на ниво на земја, врз основа на следните принципи:

- Поединечните кредитни изложености (ризици) се оценуваат врз основа на видот на кредитобарателот, неговата целокупна финансиска позиција, изворите и евиденцијата за плаќање и надоместивата вредност на обезбедувањето. Резервациите за загуби поради оштетување се мерат и утврдуваат за разликата помеѓу сметководствената вредност на кредитот и неговиот проценет надоместив износ, што всушност ја претставува сегашната вредност на очекуваните готовински текови, вклучувајќи ги и надоместивите износи од гаранции и залог, дисконтирани со ефективна каматна стапка на кредитот.

- Ако постојат објективни докази за ненаплативост на кредити во кредитното портфолио кои не може специфично да се идентификуваат, резервациите за загуби поради оштетување се утврдуваат на ниво на ризикот за целокупното кредитно портфолио. Овие загуби се утврдуваат врз основа на историски податоци за кредитните рангирања на кредитокорисниците, и ја одразуваат тековната економска клима во која функционираат кредитокорисниците.

- Загубата по кредит претставува престанок на пресметка на приход од камата согласно договорените услови, а кредитот се класификува како нефункционален заради тоа што договорните обврски за плаќање на главницата и/или каматата се во задоцнување, односно ненаплатени во период подолг од 90 дена. Сите резервации за загуби по кредити се разгледуваат и тестираат најмалку еднаш квартално, и секакви понатамошни промени на износите и времето на очекуваните идни парични приливи во споредба со претходните проценки, резултираат во промена на резервацијата за загуби поради оштетување, која се евидентира како задолжување или одобрување на загубите поради оштетување евидентирани во билансот на успех.

- Кредитот за кој се верува дека е неможно да се наплати, се отпишува наспроти соодветната резервација за загуби поради оштетување. Натамошните наплати се евидентираат како намалување на загубите поради оштетување во билансот на успех.

- Во случај на одобрени кредити на кредитокорисници во земји со зголемен ризик на потешкотии за сервисирање на надворешен долг, се проценува политичката и економската ситуација, и се воспоставуваат дополнителни резервации за ризичност на земја.

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Депризнавање на финансиски средства

Банката ги депризнава финансиските средства кога договорните права за стекнување готовина од финансиското средство истекуваат или се пренесуваат на друг ентитет, а со тоа се пренесуваат и значајно сите права и ризици кои произлегуваат од сопственоста.

Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорениот аранжман. Финансиските обврски се класифицирани како депозити на банки, финансиски институции и комитенти, обврски по основ на кредити, останати обврски и дериватни финансиски инструменти.

Депозити од банки и други финансиски институции и комитенти

Овие финансиски обврски се евидентираат по објективната вредност при иницијалното признавање намалена за трансакциските трошоци, и последователно се вреднуваат по амортизираната набавна вредност.

Обврски по основ на кредити

Обврските по основ на кредити се евидентираат по објективната вредност при иницијалното признавање намалена за трансакциските трошоци. Последователно мерење е според амортизираната набавна вредност, а разликата помеѓу нето приливите и вредноста која се задржува се признава во билансот на успех за времетраењето на кредитот користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Ефективната каматна стапка е стапката која точно го дисконтира очекуваниот тек на идните парични плаќања во текот на очекуваниот век на финансиската обврска.

Останати обврски

Останатите обврски се прикажани во нивните номинални износи.

Дериватни финансиски инструменти

Дериватните финансиски инструменти вклучуваат договори зависни од промената на курсот и иницијално и последователно се вреднуваат по фер вредност. Овие договори не се квалификуваат за сметководство на хеџинг согласно специфичните критериуми на МСС 39 - “Финансиски инструменти: признавање и мерење” и следствено се третираат како дериватни инструменти чувани за тргување, односно добивките и загубите се препознаени во нето-приходи од тргување.

Депризнавање на финансиските обврски

Банката ги депризнава финансиските обврски единствено кога нејзините обврски се извршени, откажани или застарени.

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираната загуба поради оштетување. Издатоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата што се евидентира одделно, се капитализираат. Останати последователни издатоци се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска корисност на ставката вклучена во дел од недвижностите и опремата. Сите останати издатоци се признаваат како трошоци во билансот на успех кога настануваат. Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот пропишан корисен век на траење. На инвестициите во тек не се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба. Годишните стапки на амортизација се како што следи:

Градежни објекти	2.5% -5%
Мебел и опрема	10% - 25%

Добивките или загубите остварени со отуѓување или ставање надвор од употреба на недвижностите и опремата се определуваат како разлика меѓу приливите од продажба и сметководствената вредност на средството и истите се признаваат во билансот на успех.

Недвижностите и опремата се предмет на годишна анализа за можноста од нивно оштетување. Кога сметководствената вредност на средството е повисока од проценетата надоместувачка вредност, вредноста на средството веднаш се намалува до висината на неговата надоместувачка вредност.

Нематеријални средства

Нематеријалните средства се посебно набавени средства и истите се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација, како и акумулираната загуба поради оштетување, доколку постои. Нематеријалните средства вклучуваат компјутерски софтвер кој е набавен одделно од хардверот. Трошокот за софтверот се амортизира со употреба на праволиниска метода на проценетиот век на траење кој изнесува 5 години. На крајот на секоја година Банката врши анализа на сметководствените вредности на нематеријалните средства и проценува дали постојат индикации кои укажуваат дека средствата се оштетени. Доколку постојат било какви навестувања, се утврдува проценетата надоместувачка вредност на средството и доколку истата е помала од сметководствената вредност, сметководствената вредност на средството се намалува до неговата надоместувачка вредност.

Раководството на Банката редовно ги разгледува сметководствените вредности на материјалните и нематеријалните средства. Доколку постојат било какви навестувања дека овие средства се оштетени, се проценува надоместувачката вредност на средството со цел да се одреди степенот на загуба поради оштетување. Доколку проценетата надоместувачка вредност на средството е помала од сметководствената вредност, сметководствената вредност на средството се намалува до неговата надоместувачка вредност. Загубата поради оштетување се признава како трошок во тековниот период. Анулирањето на загубата поради оштетување се признава веднаш како приход.

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Преземените средства вклучуваат недвижности и опрема кои се стекнати преку постапка на преземање како би се исполниле обврските, целосно или делумно, за соодветниот кредит и истите се прикажани во ставката преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања. Овие средства почетно се признаваат по пониската вредност од набавната вредност на кредитот, вклучувајќи ги трансакциските трошоци (обично набавната вредност на кредитот е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правниот основ за стекнување на сопственост) и објективната вредност намалена за проценетите трошоци за продажба одредена од страна на овластен проценител на датумот на преземањето на средството.

По почетното признавање, најмалку еднаш годишно преземените средства се анализираат за загуби поради оштетувања и истите се мерат по пониската вредност од сметководствена вредност намалена за проценетите трошоци за продажба и акумулираниот износ на оштетувањата.

Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат готовина и ностро сметки кои претставуваат депозити по видување и пласмани кај други банки и финансиски институции, износи кај НБРМ и други финансиски средства како што се благајнички и други записи, како високо ликвидни средства кои доспеваат во рок од 3 месеци и имаат незначителни промени на објективната вредност.

Средства од комисионо работење

Банката управува со средства во име и за сметка на правни лица и граѓани и ги чува и пласира во различни финансиски инструменти врз основа на насоките на комитентите. Банката добива надомест за овие услуги. Средствата од комисионото работење не претставуваат средства на Банката и истите не се препознаени во финансиските извештаи. Банката не е изложена на било каков ризик за ваквите средства, со оглед на тоа дека не ги гарантира истите.

Резервации

Резервациите се признаваат во случај кога Банката има тековни обврски (законски или конструктивни) како резултат на минати настани и притоа е веројатно дека Банката ќе биде обврзана истите да ги плати и износот на обврската може веродостојно да се процени. Износот признаен како резервација ја претставува најдобрата проценка на потребниот износ за подмирување на тековната обврска на датумот на билансот на состојба, земајќи ги во предвид ризиците и неизвесностите кои ја опкружуваат обврската.

Онаму каде што резервацијата се мери со користење на проценетите парични текови за подмирување на тековната обврска, нејзината сметководствената вредност претставува сегашна вредност на тие парични текови.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

1. ВОВЕД (продолжение)

в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

Користи за вработените

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување од бруто плати и нето платите се плаќаат од страна на Банката во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси претставуваат дефинирани планови за бенефиции и се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги. Не постојат дополнителни обврски според овие планови.

Во согласност со законските барања, колективниот договор и интерните правилници Банката има обврска на своите вработени да им исплати отпремнина при пензионирање во висина на две просечни месечни плати. Отпремнините на вработените се третираат како дефинирани пензиски планови. Обврските за отпремнини се признаени во билансот на состојба врз основа на актуарска проценка и претставуваат сегашна вредност на дефинираните обврски спрема вработените намалени за објективната вредност на планираните средства (тековно нема такви признато средства) корегирана за сите непризнаени актуарски добивки и загуби намалени за трошокот за минати услуги кој сеуште не е признаен. Дефинираните обврски за користи на вработените се пресметуваат на годишно ниво од страна на независен актуар со примена на кредитната метода на проектирана единица.

Оданочување

Обврската на Банката за тековен данок е пресметана врз основа на важечката даночна регулатива и со употреба на пропишаните даночни стапки кои важат или се значајно во примена на датумот на билансот на состојба.

Поради измените во македонската даночна регулатива, која стапи во сила од 1 јануари 2009 година, и дополнителните измени во текот на 2010 и 2011 година, даночната стапка за нераспределена добивка беше ефективно сведена на нула, бидејќи данок се плаќа само кога добивката се распределува. Според МСС 12.52А, одложените даночни средства и обврски треба да бидат мерени користејќи ја даночната стапка применлива за нераспределената добивка.

Промените на македонската даночна регулатива резултираа со укинување на сите одложени даночни средства и обврски на 31 декември 2011.

Наеми

Банката дава и зема недвижнини под закуп по основ на оперативни наеми. Приходите и расходите по основ на наемнини се признаваат во билансот на успех на праволиниска основа во рамките на времетраењето на наемот.

1. ВОВЕД (продолжение)

г) Употреба на оценки и проценки

Најзначајните области за кои се потребни проценки и претпоставки се:

Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективната вредност на финансиските инструменти кои не котираат на активните пазари се определува со користење на интерни техники за вреднување. Тие вклучуваат користење на методи на сегашна вредност, модели врз основа на параметри кои се достапни. Сите модели на вреднување најпрво се потврдуваат пред да бидат користени како основа за финансиско известување и периодично се разгледуваат од страна на квалификуван персонал кој што е независен во однос на областа за која е креиран моделот. Каде што е можно, Банката ги споредува вреднувањата добиени од различните модели со оние кои котираат на активни пазари на слични инструменти, и со стварните вредности кога истите се реализираат, со цел понатаму да ги потврди и стандардизира моделите. Голем број на различни фактори се вклучени во моделите, вклучувајќи стварни или проценети пазарни цени и стапки, како што се временска вредност и непостојаност, пазарни услови и ликвидност. Банката ги применува моделите конзистентно од еден до друг период, обезбедувајќи споредливост и континуитет на вреднувањата низ периодите, но оценката на објективната вредност инхерентно инволвира значаен степен на проценување.

Во Република Македонија не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купување и продажба на побарувањата и другите финансиските средства и обврски, за кои не постојат официјално објавени пазарни цени.

Раководството врши проценка на вкупната изложеност на ризик така што кога е проценето дека постојат навестувања дека евидентираната сметководствена вредност нема да може да биде реализирана, во тој случај се признава резервација. Според мислењето на раководството, искажаните сметководствени вредности на средствата кои не котираат на активниот пазар всушност ги претставуваат највалидните и најкорисните вредности за известување кои важат под сегашните пазарни околности.

Исправка на вредноста на кредитите

Банката месечно врши анализа на кредитната изложеност со цел да се процени дали постојат индикации за оштетување на кредитите. Во одредувањето дали загубата поради оштетување треба да се евидентира во билансот на успех, Банката донесува оценка за тоа дали постојат некои видливи показатели кои укажуваат на намалување на идните парични текови од кредитното портфолио пред намалувањето да биде идентификувано на поединечниот кредит во тоа портфолио. Овој доказ може да вклучува видливи показатели кои укажуваат дека постојат негативни промени во способноста за плаќање на кредитот од страна на кредитокорисникот или неможноста за плаќање е резултат на неповолните економски состојби во земјата кои директно влијаат врз способноста на кредитокорисникот да ги подмири своите обврски во предвидениот рок. Банката користи проценки врз основа на историското искуство за загуби кои се однесуваат на средства кои имаат карактеристики на кредитен ризик и постоење на објективен доказ за оштетување кои се слични на оние во портфолиото кога ги планира идните парични текови. Методологијата и претпоставките користени за проценка на износот и времето на идните парични текови се анализира на редовна основа со цел да се намалат разликите меѓу проценетата загуба и искуството од стварните загуби.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

1. ВОВЕД (продолжение)

г) Употреба на оценки и проценки (продолжение)

Корисен век на материјалните и нематеријалните средства

Раководството на Банката го одредува проценетиот корисен век и соодветниот трошок за амортизација на материјалните и нематеријалните средства. Соодветноста на проценетиот корисен век се анализира на годишно ниво или секогаш кога постојат индикации за значајни промени во користените претпоставки, како што се предвидениот технолошкиот развој, факторите кои влијаат на економијата во поширокото опкружување и индустријата.

Актуарски претпоставки за дефинираните планови за користи на вработените

Евентуалните трошоци кои Банката би ги имала по основ на дефинираните планови зависат првенствено од вистински очекуваните идни искуства а особено од промената на дисконтната стапка и зголемувањето на платите. Други фактори исто така можат да ја променат вкупната обврска по оваа основа како што се бројот на вработените кои предвреме ја напуштаат Банката во однос на пензионирањето и бројот на нови вработени.

Финансиска криза

Ескалацијата на грчката економска криза резултираше со загуби во матичното друштво - Национална Банка на Грција поради намалување на вредноста на неколку класи на средства, како што се грчките државни обврзници и други кредити и должнички инструменти од Грција кои негативно влијаеа врз финансиската состојба, резултатите од оперативното работење, паричните текови и регулаторните показатели на Национална Банка на Грција во финансиските извештаи за 2011 и 2012 година. Понатаму, кризата го ограничи пристапот на Групацијата на Национална Банка на Грција до ликвидносни средства од други финансиски институции. Националната Банка на Грција се потпира на ликвидноста обезбедена од Европската Централна Банка (“ECB”) и Централната Банка на Грција (“BoG”) заедно наречени Европски фонд за ликвидност (“Eurosystem liquidity facilities”).

Способноста на Национална Банка на Грција да продолжи според принципот на континуитет зависи од подигнување доволно средства за да се рестартира нејзината финансиската состојба, која во моментов е негативна, како и да се одржи соодветно ниво на капитал и одржување на континуирана поддршка од Европскиот фонд за ликвидност (“Eurosystem liquidity facilities”).

Раководството на Групацијата на Национална Банка на Грција останува на ставот дека Национална Банка на Грција (и Групацијата) можат да продолжат да работат во блиска иднина имајќи ги предвид специфичните барања на грчкиот Закон за трговски друштва 2190/1920 кои беа инкорпорирани со планот за докапитализација на грчките банки, како и тоа дека планот за докапитализација на грчките банки претставува составен дел од финансиската помош во рамките на вториот дел за прилагодување на програмата за Грција, што беше ратификувана од страна на грчкиот парламент на 14 февруари 2012 година и усвоена од страна на Советот на Европската Унија (“Eurogroup”) на 21 февруари 2012 и 13 март 2012 (во понатамошниот текст “Програмата”).

Програмата која веќе е одобрена од страна на Европската комисија, Европската Централна Банка и Меѓународниот Монетарен Фонд, а која вклучува исплата на парични средства во неколку транши, обезбедува средства согласно планот за докапитализација, во износ од 50 милијарди евра, и истата сега е во фаза на имплементација под покровителство на Централната Банка на Грција.

1. ВОВЕД (продолжение)

г) Употреба на оценки и проценки (продолжение)

Финансиска криза (продолжение)

Наспроти негативните глобални трендови во финансискиот сектор, Стопанска Банка АД, Скопје остана добро капитализирана, високо ликвидна и првенствено финансирана од страна на домашна депозитна база. Банката нема изложеност кон странски Европски должнички инструменти ниту значителни пласмани или значителни потенцијални финансиски обврски кон матичното друштво. Неодамнешниот стрес тест, изведен под строги критериуми, покажа дека Банката е соодветно капитализирана и доволно ликвидна и Раководството е уверено дека евентуално повлекување на депозитите од матичното друштво нема да влијае значително врз ликвидноста на Банката. Како што е обелоденето во Белешка 37 и Белешка 44, Банката користи два субординирани кредити од матичното друштво, во износ од 20 милиони евра и 25 милиони евра на 31 декември 2012 година (што претставува 4.23% од вкупните обврски на Банката). Субординираниот кредит се користи како дополнителен капитал за да се исполнат барањата на Народната Банка на Република Македонија за адекватност на капиталот. Доспевањето на субординираниот кредит е декември 2016 година и ноември 2018 година, кредитите не можат да бидат повлечени од страна на матичното друштво без претходна согласност на Народната Банка на Република Македонија. Силната капиталната позиција на Банката со стапка на адекватност на капиталот од 19.43%, како што е обелоденето во Белешка 3, и овозможува на Банката да се соочи со било кои разумно предвидливи неповолни околности во иднина. Раководството верува дека Банката е добро позиционирана за да може адекватно да го подржи својот бизнис план за тековната година.

д) Промена на сметководствените политики, сметководствените оценки и корекција на грешки

Освен како што е наведено во Белешката 1б), не постојат други промени во сметководствените политики при составувањето на приложените финансиски извештаи. Согласно наведенето во Белешка 1б) во делот на Презентација на финансиските извештаи, одредени Белешки во приложените финансиски извештаи се презентирани согласно начинот на презентација во Одлуката.

1. ВОВЕД (продолжение)

ѓ) Усогласеност со законската регулатива

Банката ја води својата сметководствена евиденција и ги составува своите финансиски извештаи во согласност со законската регулатива пропишана од страна на НБРМ.

Приложените финансиски извештаи се усогласени со регулативата пропишана од страна на НБРМ која е на сила на секој датум на билансот на состојба.

Во текот на 2012 година, НБРМ изврши преглед на усогласеноста на Банката во делот на процесот на управување со кредитниот ризик како и контрола на статусот на преземените корективни мерки предвидени со контролата од претходната година, која го опфаќаше целокупниот процес на управување со ризиците.

За утврдените неусогласености Банката изготви соодветни корективни активности во форма на акционен план кој во целост е спроведен со исклучок на делот во кој е предвидена проверка од страна на интерната ревизија на Банката, а за кој крајниот рок е 31 март 2013 година.

е) Обелоденување за управување со ризици

Квалитативните и квантитатините информации за пооделните видови на ризици одделно се дадени во белешките 2 и 3.

ж) Настани по датумот на билансот на состојба

После датумот на изготвување на билансот на состојба, последователно се немаат случено материјални настани коишто би барале објавување во финансиските извештаи.

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Превземањето ризик е основа на финансиското работење, а оперативните ризици се неизбежна последица на вршењето на деловните активности. Затоа, целта на Банката е да постигне соодветна рамнотежа помеѓу ризикот и приносот како и да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти врз финансиските перформанси на Банката.

Политиките за управување со ризиците на Банката се така дизајнирани да можат да ги идентификуваат и анализираат овие ризици, да поставаат соодветни лимити за ризиците и соодветни контроли, како и да ги следат ризиците и придржувањето кон лимитите со помош на сигурни и современи информациони системи. Банката редовно ги ревидира своите политики за управување со ризици и системите со цел да ги одрази промените на пазарите, производите и најдобрите практики.

Организациската структура на раководењето со ризици на Банката осигурува постоење на јасни линии на одговорност, ефикасна сегрегација на должности и превенција на судири на интереси на сите нивоа, вклучувајќи ги Надзорниот одбор, Управниот одбор, вишиот менаџмент, како и помеѓу Банката и НБГ Групацијата, нејзините клиенти и сите други поврзани субјекти. Во рамките на Банката, активностите за раководење со ризици главно се одвиваат на следниве нивоа:

- Стратешко ниво, кое опфаќа функции на раководење со ризици што ги извршува Надзорниот одбор. Тоа се однесува на одобрување на стратегија за ризици, дефинирање на ризиците, профилот и апетитот за ризици на Банката, како и профилот за преземање ризици заради остварување позитивен резултат и други политики и внатрешни инструкции на високо ниво поврзани со ризиците.
- Тактичко ниво, кое опфаќа функции на раководење со ризици што ги извршуваат членовите на Управниот одбор и вишиот менаџмент. Тоа се однесува на воспоставување на политики за ризици и процедури за управување со посебни ризици и воведување на соодветни системи и контроли за да се обезбеди дека севкупната релација помеѓу ризикот и приносот останува во рамките на прифатливо ниво. Општо земено, во оваа категорија спаѓаат активностите за управување со ризици што ги извршува Секторот за управување со ризици на Банката, како и други критични функции на поддршка.
- Оперативно ниво, кое опфаќа управување со ризици при непосредно извршување на активностите на Банката. Соодветните активности се извршуваат од поединци кои преземаат ризик во име на организацијата. Управувањето со ризици на ова ниво се спроведува преку соодветни контроли содржани во соодветните политики, процедури и инструкции дефинирани од страна на менаџментот.

Најважните видови на ризици се кредитниот ризик, ликвидоносниот ризик, оперативниот ризик и пазарниот ризик.

2.1 Кредитен ризик

Доминантен ризик во работењето на Банката претставува кредитниот ризик дефиниран како тековен или иден ризик врз финансискиот резултат и капиталот кој произлегува од неможноста должникот да ги исполни условите од договорот со Банката или да не постапи според договореното. Изложеноста на овој ризик главно произлегува од активностите на кредитирањето на населението и правните лица како и активностите во делот на вонбилансните финансиски инструменти (одобрените лимити, гаранциите и акредитивите).

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.1 Кредитен ризик (продолжение)

2.1.1 Мерење на кредитен ризик, лимити и политики на намалување на ризиците

Иницијално, при одобрување на кредит или друга кредитна изложеност, кредитоспособноста на клиентите се оценува од страна на соодветните Кредитни тела во зависност од видот и износот на изложеноста врз база на дефинирани критериуми. Управување со кредитниот ризик на Банката кое подразбира идентификување, мерење, следење и контрола се врши од страна на следниве тела: Одбор за управување со ризици и Комисија за класификација на актива и резервација за потенцијални обврски и загуби, врз основа на извештаи и анализи изготвени од страна на релевантните организациони делови на Банката. Информации и податоци во врска со кредитниот ризик се доставуваат на редовна основа до Одборот за управување со ризици, Управниот одбор и до Надзорниот одбор на Банката.

Банката има интерен систем на класификација на клиентите чија главна цел е одредување на нивната кредитна способност и оценка на прифатливото ниво на кредитен ризик при започнување на кредитирањето. Класификацијата на клиентите кон кои е изложена Банката се ревидира најмалку на годишна основа. Банката има имплементирано систем на следење на ранопредупредувачки сигнали со цел навремено да се идентификуваат евентуални влошувања на кредитоспособноста на клиентот и да се преземат соодветните активности за намалување на кредитниот ризик.

Банката имплементира различни практики за намалување на кредитниот ризик. Вообичаена пракса е прифаќање на соодветно обезбедување за дадените кредити. Поважните типови на обезбедување за кредити и други кредитни изложености се:

- Хипотеки врз станбени објекти,
- Залог на деловен имот како деловни објекти, залихи и побарувања,
- Залог на финансиски инструменти како што се должнички и сопственички хартии од вредност,
- Залог на подвижен имот како автомобили и опрема и друго.

Банката го следи исполнувањето на воспоставените интерни и законски лимити и ги контролира концентрациите на кредитниот ризик. Лимити за ограничување на кредитниот ризик се дефинирани во Стратегијата за ризиците, како и во Политиките и Процедурите кои го регулираат управувањето со кредитниот ризик, и се поставени на ниво на поединечен должник, меѓусебно поврзани субјекти, изложеност кон внатрешни лица на Банката, големи кредитни изложености, изложеност по сектори на делување како и други интерни лимити. Истовремено, Банката го контролира нивото на кредитен ризик кон домашни и странски банки преку воспоставување лимити на ризична изложеност кон нив кои се предмет на ревидирање најмалку еднаш годишно. Исто така, ризикот од концентрација на изложеност по сектори и дејности се следи на редовна основа врз основа на воспоставени лимити.

2.1.2 Политики за пресметка на загуба од оштетување/исправка на вредноста

Загубите поради оштетување претставуваат идентификувани загуби на кредитното портфолио на Банката коишто настанале до датумот на изготвување на билансот на состојба и за кои постојат објективни докази за оштетување. Банката ја врши пресметката на резервацијата за оштетување по извршената класификација на кредитната изложеност во соодветната категорија на ризик.

Класификацијата се врши врз основа на следните критериуми:

- кредитната способност на клиентот;
- уредност во измирување на обврските од страна на клиентот и
- квалитетот на обезбедувањето.

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.1 Кредитен ризик (продолжение)

2.1.2 Политики за пресметка на загуба од оштетување/исправка на вредноста (продолжение)

Согласно политиките на Банката, одредувањето на оштетувањата и резервациите се врши на поединечна и групна основа.

Поединечниот пристап ги опфаќа најмалку индивидуално значајните изложености кои се над праговите на материјалност кои ги одредува Банката. Прагот на материјалност изнесува 0.007% од вкупната изложеност на кредитен ризик на Банката. Резервите за оштетување на индивидуално оценетите ставки на поединечна основа се утврдуваат преку евалуација на генерирана загуба на датумот на изготвување на билансот на состојба, што претставува разлика меѓу сметководствената вредност и сегашната вредност на проценетите идни парични текови. При пресметка на сегашната вредност на проценетите идни парични текови се користи ефективната каматна стапка за дисконтирање на идните очекувани парични текови.

Сите нефункционални кредити се опфатени со исправката на вредноста на поединечна основа.

Пресметаните загуби за оштетување на групна основа се обезбедуваат на портфолија на хомогени средства што индивидуално се под праговите на материјалност и за кои има доволно долги серии на податоци за просечниот век на траење на портфолијата за пресметка на параметрите за исправка. Оштетувањето и резервацијата се пресметуваат преку користење на параметри кои се добиени од историски податоци за стапката на ненаплаќање на одредени портфолија. Следните параметри се користат при групната пресметка на оштетувањата и резервациите:

- EAD (Ризична изложеност) – Сметководствена вредност на определена група кредити;
- PD (Веројатност за неплаќање) – Просечна веројатност дека кредитот во групата ќе се оштети во текот на неговото времетраење;
- LGD (Загуба во случај на неплаќање) – Очекувана просечна загуба по кредит во групата (искажано како % од EAD);
- LIP (Период на идентификација на загуба) – Фактор кој го одразува периодот помеѓу настанот на загуба и откривањето на истата.

Индивидуално значајните изложености за кои не е одредена исправка на поединечна основа, а кои можат да се групираат во хомогени портфолија според сродност на кредитен ризик, истите се вклучуваат во групниот пристап на пресметка на исправката.

Пресметаната резервација за оштетување се движи во следниве рамки:

- Од 0% до 10% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик А
- Над 10% до 25% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Б
- Над 25% до 50% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик В
- Над 50% до 75% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Г
- Над 75% до 100% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Д

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
2.1 Кредитен ризик (продолжение)
А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011
I. Сметководствена вредност на изложености за кои е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва																		
Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, пред исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа																		
категорија на ризик А	296.295	123.280	11.890.529	2.864.206	144.453	94.789	1.201.478	1.741.696	17.506.246	13.217.114	2.152	12.100	19.151	80.028	1.007.061	2.047.492	32.067.365	20.180.705
категорија на ризик Б	-	-	1.859.418	2.519.962	-	-	-	-	-	-	916	411	-	2.617	37.745	89.552	1.898.079	2.612.542
категорија на ризик В	-	-	2.061.414	1.740.964	-	-	-	-	-	-	372	2.414	7.761	20.447	6.681	31.351	2.076.228	1.795.176
категорија на ризик Г	-	-	396.352	418.072	-	-	-	-	2.457	-	3.479	3.759	21	281	5.033	2.197	407.342	424.309
категорија на ризик Д	23.519	23.712	4.423.072	3.525.622	282.557	293.460	-	-	-	-	24.001	21.060	54.293	32.497	74.673	78.478	4.882.115	3.974.829
	319.814	146.992	20.630.785	11.068.826	427.010	388.249	1.201.478	1.741.696	17.508.703	13.217.114	30.920	39.744	81.226	135.870	1.131.193	2.249.070	41.331.129	28.987.561
(Исправка на вредност и посебна резерва на поединечна основа)	(23.519)	(23.712)	(4.913.786)	(4.129.755)	(283.361)	(294.265)	-	-	(1.231)	(26.046)	(23.885)	(22.466)	(53.203)	(37.769)	(84.001)	(97.411)	(5.382.986)	(4.631.424)
Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа	296.295	123.280	15.716.999	6.939.071	143.649	93.984	1.201.478	1.741.696	17.507.472	13.191.068	7.035	17.278	28.023	98.101	1.047.192	2.151.659	35.948.143	24.356.137

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
2.1 Кредитен ризик (продолжение)
А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжение)

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011
Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, пред исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа																		
поединечно незначајни изложености (портфолио на мали кредити)	-	-	16.452.830	15.464.463	-	-	-	-	-	-	106	686	-	-	6.085.332	5.576.464	22.538.268	21.041.613
поединечно значајни изложености кои не се оштетени на поединечна основа	-	-	13.530.177	21.958.531	-	-	-	-	-	-	2.220	5.806	2.636	6.728	2.915.387	2.787.052	16.450.420	24.758.117
(Исправка на вредност и посебната резерва на групна основа)	-	-	(102.160)	(136.395)	-	-	-	-	-	-	(3)	-	-	-	(20.007)	(17.861)	(122.170)	(154.256)
Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа	-	-	29.880.847	37.286.599	-	-	-	-	-	-	2.323	6.492	2.636	6.728	8.980.712	8.345.655	38.866.518	45.645.474

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
2.1 Кредитен ризик (продолжение)
А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжение)

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011
II. Сметководствена вредност на изложености за кои не е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва																		
достасани побарувања	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Староснa структура на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредност																		
до 30 дена	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Сметководствена вредност на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредност																		
недостасани побарувања																		
реструктур. побар.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
останати побар.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Сметководствена вредност на недостасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредност	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
2.1 Кредитен ризик (продолжение)
А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжение)

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011
Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик пред исправката на вредност и посебната резерва	319.814	146.992	50.613.792	48.491.820	427.010	388.249	1.201.478	1.741.696	17.508.703	13.217.114	33.246	46.236	83.862	142.598	10.131.912	10.612.586	80.319.817	74.787.291
(Вкупна исправка на вредност и посебна резерва)	(23.519)	(23.712)	(5.015.946)	(4.266.150)	(283.361)	(294.265)	-	-	(1.231)	(26.046)	(23.888)	(22.466)	(53.203)	(37.769)	(104.008)	(115.272)	(5.505.156)	(4.785.680)
Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик намалена за исправката на вредност и посебната резерва	296.295	123.280	45.597.846	44.225.670	143.649	93.984	1.201.478	1.741.696	17.507.472	13.191.068	9.358	23.770	30.659	104.829	10.027.904	10.497.314	74.814.661	70.001.611

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.1 Кредитен ризик (продолжение)

Б. Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		**Кредити на и побарувања од други комитенти**		**Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа**		**Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување**		**Парични средства и парични еквиваленти**		**Останати побарувања**		**Вонбилансни изложености**		**Вкупно**	
	тековна година 2012	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**
Вредност на обезбедувањето на кредитна изложеност која се оценува за оштетување на поединечна основа																
Првокласни инструменти за обезбедување	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
парични депозити (во депои/или ограничени на сметки во банката	-	-	707.138	35.063	-	-	-	-	-	-	-	-	352	-	707.490	35.063
државни хартии од вредност	-	-	11.797	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	11.797	-
државни безусловни гаранции	-	-	-	1.845.150	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1.845.150
банкарски гаранции	-	-	186.775	100.561	-	-	-	-	-	-	-	-	28.256	1.257.330	215.031	1.357.891
Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување)	-	-	1.220.652	1.482.270	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1.220.652	1.482.270
Гаранции од физички лица	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Залог на недвижен имот			-	-									-	-	-	-
имот за сопствена употреба (станови, куќи)	-	-	9.174.525	771.161	-	-	-	-	-	-	-	-	8.101	1.074	9.182.626	772.235
имот за вршење дејност	-	-	18.125.213	6.032.112	-	-	-	-	-	-	-	-	18.427	443.321	18.143.640	6.475.433
Залог на подвижен имот	-	-	8.378.279	1.449.304	-	-	-	-	-	-	-	-	5.769	274.131	8.384.048	1.723.435
Останати видови на обезбедување	-	-	3.757.079	1.574.037	-	-	-	-	-	-	-	-	2.860	377	3.759.939	1.574.414
Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност која се оценува за оштетување на поединечна основа	-	-	41.561.458	13.289.658	-	-	-	-	-	-	-	-	63.765	1.976.233	41.625.223	15.265.891

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.1 Кредитен ризик (продолжение)

Б. Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик (продолжение)

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување		Парични средства и парични еквиваленти		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**
Вредност на обезбедувањето на кредитна изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа																
Првокласни инструменти за обезбедување	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
парични депозити (во депои/или ограничени на сметки во банката	-	-	609.125	814.960	-	-	-	-	-	-	-	-	38.207	33.668	647.332	848.628
државни хартии од вредност	-	-	1.749	11.798	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1.749	11.798
државни безусловни гаранции	-	-	1.845.000	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1.845.000	-
банкарски гаранции	-	-	-	53.679	-	-	-	-	-	-	-	-	19.250	44.347	19.250	98.026
Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување)	-	-	664.419	1.135.802	-	-	-	-	-	-	-	-	13.926	75.606	678.345	1.211.408
Гаранции од физички лица	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Залог на недвижен имот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
имот за сопствена употреба (станови, куќи)	-	-	20.495.442	26.132.489	-	-	-	-	-	-	-	-	126.466	151.541	20.621.908	26.284.030
имот за вршење дејност	-	-	8.250.574	17.531.629	-	-	-	-	-	-	-	-	1.205.757	1.293.941	9.456.331	18.825.570
Залог на подвижен имот	-	-	2.892.974	10.610.126	-	-	-	-	-	-	-	-	281.101	1.150.104	3.174.075	11.760.230
Останати видови на обезбедување	-	-	1.239.868	3.587.577	-	-	-	-	-	-	-	-	516.566	357.877	1.756.434	3.945.454
Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа	-	-	35.999.151	59.878.060	-	-	-	-	-	-	-	-	2.201.273	3.107.084	38.200.424	62.985.144

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
2.1 Кредитен ризик (продолжение)
В. Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011
Нерезиденти	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	2.150	-	16	-	9.993	-	12.159
Земјоделство, шумарство и риболов	-	-	735.042	764.127	-	-	-	-	-	-	268	9	47	10	11.206	-	746.563	764.146
Рударство и вадење на камен	-	-	142.211	168.420	-	-	-	-	-	-	9	37	11	142	21.961	83.362	164.192	251.961
Прехрамбена индустрија	-	-	1.509.883	1.324.462	-	-	-	-	-	-	85	73	278	1	44.326	60.786	1.554.572	1.385.322
Текстилна индустрија и производство на облека и обувки	-	-	595.115	652.326	-	-	-	-	-	-	19	22	1	43	29.573	629.760	624.708	1.282.151
Хемиска индустрија, производство на градежни материјали, производство и преработка на горива, фармацевтска индустрија	-	-	554.031	643.279	-	-	-	-	-	-	9	66	69	-	620.624	416.059	1.174.733	1.059.404
Производство на метали, машани, алати и опрема	-	-	3.063.152	2.671.212	-		-	-	-	-	413	1.108	25.091	31.460	282.443	53.104	3.371.099	2.756.884
Останата преработувачка индустрија	-	-	672.276	471.033	-	-	-	-	-	-	1.247	-	-	-	7.830	15.529	681.353	486.562
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	-	-	1.975.314	1.698.080	-	-	-	-	-	-	11	1	-	2	75.347	482.830	2.050.672	2.180.913
Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	-	-	9.906	5.473	-		-	-	-	-	10	102	-	1	264	892.889	10.180	898.465
Градежништво	-	-	1.553.898	1.504.570	-	-	-	-	-	-	-	224	-	133	1.218.631	162.493	2.772.529	1.667.420
Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и моторцикли	-	-	4.752.358	4.988.377	1.137	890	-	-	-	-	94	132	1.520	60.608	318.132	178.400	5.073.241	5.228.407
Транспорт и складирање	-	-	653.033	754.852	-	-	-	-	-	-	540	619	125	3	168.717	702	822.415	756.176
Објекти за сметсување и сервисни дејности со храна	-	-	353.679	345.447	-	-	-	-	-	-	1.109	6	4	-	1.474	226	356.266	345.679
Информации и комуникации	-	-	35.861	52.467	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	289	1.259.787	36.150	1.312.254
Финансиски дејности и дејности на осигурување	296.295	123.280	81.733	56.826	91.205	93.094	-	-	11.133.875	11.341.185	78	1	-	-	32.721	55.281	11.635.907	11.669.667

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
2.1 Кредитен ризик (продолжение)
В. Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности (продолжение)

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011	тековна година 2012	претход. година 2011
Дејности во врска со недвижен имот	-	-	241.996	194.850	-	-	-	-	-	-	-	354	-	-	511.337	39.247	753.333	234.451
Стручни, научни и технички дејности	-	-	310.166	426.017	-	-	-	-	-	-	250	7	875	-	65.993	81.389	377.284	507.413
Административни и помошни услужни дејности	-	-	111.075	172.843	-	-	-		-		2	-	-	-	14.882	-	125.959	172.843
Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување	-	-	-	-	51.307	-	1.201.478	1.741.696	6.373.597	1.849.883	-	981	-	-	-	-	7.626.382	3.592.560
Образование	-	-	134.846	160.033	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	24.327	134.846	184.360
Дејности на здравствена и социјална заштита	-	-	26.562	144.004	-	-	-	-	-	-	-	27	-	-	-	-	26.562	144.031
Уметност, забава и рекреација	-	-	74.216	85.730	-	-	-	-	-	-	37	12	-	1	12.307	467	86.560	86.210
Други услужни дејности	-	-	24.808	21.295	-	-	-	-	-	-	21	-	2	-	599	-	25.430	21.295
Дејности на домаќинства како работодавачи; дејности на домаќинства кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дејности на екстериторијални организации и тела	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Физички лица	-	-	27.986.685	26.919.947	-	-	-	-	-	-	5.156	12.024	2.636	12.409	6.589.248	6.050.683	34.583.725	32.995.063
Трговци поединци и физички лица кои не се сметаат за трговци	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	5.815	-	-	-	-	-	5.815
Вкупно	**296.295**	**123.280**	**45.597.846**	**44.225.670**	**143.649**	**93.984**	**1.201.478**	**1.741.696**	**17.507.472**	**13.191.068**	**9.358**	**23.770**	**30.659**	**104.829**	**10.027.904**	**10.497.314**	**74.814.661**	**70.001.611**

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
2.1 Кредитен ризик (продолжение)
Г. Концентрација на кредитниот ризик по географска локација

Во илјади денари

	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажа		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2012	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**	**тековна година 2012**	**претход. година 2011**
Географска локација																		
Република Македонија	-	-	45.597.846	44.225.670	143.618	93.953	1.201.478	1.741.696	14.481.167	8.795.853	9.358	23.770	30.659	104.829	9.995.185	9.251.838	71.459.311	64.237.609
Земји-членки на Европска Унија	237.236	64.184	-	-	31	31	-	-	2.820.404	3.297.794	-	-	-	-	13.654	-	3.071.325	3.362.009
Европа (останато)	-	-	-	-	-	-	-	-	88.971	745.440	-	-	-	-	15.375	1.245.476	104.346	1.990.916
Земји-членки на ОЕЦД (без европските земји-членки на ОЕЦД)	-	-	-	-	-	-	-	-	116.930	351.981	-	-	-	-	-	-	116.930	351.981
Останато (повеќе од 10% од вкупната кредитна изложеност)	59.059	59.096	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	3.690	-	62.749	59.096
Вкупно	**296.295**	**123.280**	**45.597.846**	**44.225.670**	**143.649**	**93.984**	**1.201.478**	**1.741.696**	**17.507.472**	**13.191.068**	**9.358**	**23.770**	**30.659**	**104.829**	**10.027.904**	**10.497.314**	**74.814.661**	**70.001.611**

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.2 Ликвидносен ризик

Ликвидносниот ризик претставува ризик од неможност Банката да обезбеди доволно парични средства за измирување на своите краткорочни обврски во моментот на нивното достасување, односно ризик дека потребните ликвидни средства ќе се обезбедат со многу повисоки трошоци.

2.2.1 Процес на управување со ликвидносниот ризик

Процесот на управување со ликвидносниот ризик на Банката вклучува:

- Примена на оперативни стандарди поврзани со ликвидносниот ризик на Банката, вклучувајќи соодветни политики, процедури и средства за контролирање и лимитирање на ликвидносниот ризик.
- Поседување на соодветни ликвидни средства кои одговараат на профилот на готовински тек на Банката и кои би можеле веднаш да се конвертираат во готовина без да предизвикаат капитални загуби.
- Мерење, контрола и тестирање на сценарија за потребите од финансирање, како и пристапот до изворите на финансирање.
- Подготовка на планови за непредвидени настани за Банката за справување со нарушувањата на ликвидноста со кои се предвидува финансирање на некои или сите активностите навремено и по разумна цена.
- Следење на лимитите и коефициентите на ликвидносен ризик имајќи ги предвид ризичната толеранција и профилот на Банката, како и регулаторните барања за пропишаното минимално ниво на стапките на ликвидност.

Процесот на управување со ликвидноста и ликвидносниот ризик се спроведува преку воспоставување на адекватно дневно управување со ликвидноста, преку изготвување на планови за ликвидност. Плановите ја одразуваат ликвидноста обезбедена преку готовински приливи и ликвидноста потребна за финансирање на готовински одливи. При подготовка на плановите и проекциите на ликвидноста на дневна, неделна, месечна и подолгорочна основа се води сметка за почитување на поставените лимити, одржување на потребната валутна структура, рочната усогласеност на средствата и изворите на средства и други регулативни правила.

Следењето на ликвидноста на Банката се врши од страна на Секторот за средства и ликвидност. Секторот за средства и ликвидност ги ускладува сите приливи и/или одливи во сите валути кои произлегуваат од парични дознаки, чекови, банкарски трансфер и трансфери на сметки.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.2 Ликвидносен ризик (продолжение)

2.2.1 Процес на управување со ликвидносниот ризик (продолжение)

Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски (преостаната рочност)

Во илјади денари

31 декември 2012	до 1 месец	од 1 до 3 месеци	од 3 до 12 месеци	од 1 до 2 години	од 2 до 5 години	над 5 години	Вкупно
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА							
Парични сред. и парични еквиваленти	20.563.394	3.375.267	-	-	-	-	23.938.661
Средства за тргување	165.177	-	5.703	5.420	4.751	-	181.051
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-	-
Деривативни средства чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од банки	83.391	-	183.045	-	-	96.215	362.651
Кредити на и побарувања од други комитенти	3.374.514	3.836.641	15.140.377	11.510.854	9.047.892	9.408.301	52.318.581
Вложувања во хартии од вредност	136.876	131.955	2.738.897	532.837	50.000	92.341	3.682.906
Вложувања во придружени друштва	-	-	-	-	-	-	-
Побарувања за данок на добивка (тековен)	4.884	-	-	-	-	-	4.884
Останати побарувања	291.455	-	-	-	-	-	291.455
Заложени средства	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни средства	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно финансиски средства	**24.619.691**	**7.343.863**	**18.068.022**	**12.049.111**	**9.102.643**	**9.596.857**	**80.780.187**
ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ							
Обврски за тргување	-	-	-	-	-	-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-	-
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-	-
Депозити на банки	125.009	-	139.953	-	-	-	264.962
Депозити на други комитенти	21.410.706	7.600.370	24.188.659	4.222.453	1.707.574	125.777	59.255.539
Обврски по кредити	1.577.688	-	169.770	217.473	333.931	219.985	2.518.847
Субординирани обврски	-	9.663	-	-	2.767.500	-	2.777.163
Обврски за данок на добивка (тековен)	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни обврски	-	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	672.806	-	-	-	-	-	672.806
Вкупно финансиски обврски	**23.786.209**	**7.610.033**	**24.498.382**	**4.439.926**	**4.809.005**	**345.762**	**65.489.317**
Вонбилансни ставки							
Вонбилансна актива	-	-	-	-	-	-	-
Вонбилансна пасива	7.535.218	435.394	1.589.014	403.114	354.003	454.154	10.770.897
Рочна неусогласеност	**(6.701.736)**	**(701.564)**	**(8.019.374)**	**7.206.071**	**3.939.635**	**8.796.941**	**4.519.973**

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.2 Ликвидносен ризик (продолжение)

2.2.1 Процес на управување со ликвидносниот ризик (продолжение)

Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски (преостаната рочност) (продолжение)

Во илјади денари

31 декември 2011

	до 1 месец	од 1 до 3 месеци	од 3 до 12 месеци	од 1 до 2 години	од 2 до 5 години	над 5 години	Вкупно
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА							
Парични сред. и парични еквиваленти	20.638.638	1.079.997	-	-	-	-	21.718.635
Средства за тргување	110.356	-	8.812	8.429	15.868	-	143.465
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-	-
Деривативни средства чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од банки	609	-	-	125.644	-	63.575	189.828
Кредити на и побар. од др. комитенти	3.070.538	3.902.368	14.230.567	10.860.811	9.213.659	9.124.373	50.402.316
Вложувања во хартии од вредност	143.387	131.965	402.432	533.396	533.397	391.801	2.136.378
Вложувања во придружени друштва	-	-	-	-	-	-	-
Побарувања за данок на добивка (тековен)	7.536	-	-	-	-	-	7.536
Останати побарувања	287.270	-	-	-	-	-	287.270
Заложени средства	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни средства	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно финансиски средства	**24.258.334**	**5.114.330**	**14.641.811**	**11.528.280**	**9.762.924**	**9.579.749**	**74.885.428**
ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ							
Обврски за тргување	-	-	-	-	-	-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-	-
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-	-
Депозити на банки	146.172	-	-	-	-	-	146.172
Депозити на други комитенти	21.185.584	7.789.031	22.276.863	4.341.152	934.867	174.119	56.701.616
Обврски по кредити	68.973	-	125.152	164.041	304.068	170.267	832.501
Субординирани обврски	-	12.487	-	-	-	2.767.725	2.780.212
Обврски за данок на добивка (тековен)	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни обврски	-	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	613.995	-	-	-	-	-	613.995
Вкупно финансиски обврски	**22.014.724**	**7.801.518**	**22.402.015**	**4.505.193**	**1.238.935**	**3.112.111**	**61.074.496**
Вонбилансни ставки							
Вонбилансна актива							
Вонбилансна пасива	721.170	2.070.834	7.836.035	206.971	66.389	561.778	11.463.177
Рочна неусогласеност	**1.522.440**	**(4.758.022)**	**(15.596.239)**	**6.816.116**	**8.457.600**	**5.905.860**	**2.347.755**

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.2 Ликвидносен ризик (продолжение)

2.2.1 Процес на управување со ликвидносниот ризик (продолжение)

Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски (преостаната рочност) (продолжение)

Класифицирањето на структурата на средствата и обврските на Банката е направено според датумот на доспевање со состојба на 31 декември 2012 и 2011 година, со исклучок кај кредитите и побарувања од други комитенти и неискористените лимити-потенцијална кредитна изложеност кадешто за кредитните производи кои немаат дефиниран датум на доспевање (кредитни картички, ОК кредит, дозволени пречекорувања итн.), распоредот по конкретните временски интервали се врши преку користење на историските податоци за износот на наплатата во однос на вкупните билансни побарувања по овие производи односно за износот на искористувањето на средствата од одобрените лимити. Иако првичната анализа покажува неусогласеност за периодот до една година, сепак Банката поседува значаен дел на стабилни депозити - депозитно јадро во износ од 45.940.684 илјади денари (2011: 43.605.326 илјади денари), кое што овозможува надминување на рочната неусогласеност.

2.3 Пазарен ризик

Пазарниот ризик претставува ризик дека објективната вредност или идните готовински текови на некој финансиски инструмент ќе флуктуираат поради промени во пазарните цени. Пазарните ризици произлегуваат од отворени девизни, каматни и позиции од сопственички хартии од вредност кои се изложени на пазарни движења и промени во волатилноста на пазарните стапки или цените (како што се каматните стапки, кредитни маргини, девизен курс и цени на капитал).

Девизен ризик

Банката е изложена на ефектите од флуктуации на важечките девизни курсеви кои имаат влијание врз нејзината финансиска позиција и готовинските текови. Банката определува лимити на изложеност по валута и агрегатно за сите валути, а кои се следат на дневна основа. Табелите подолу ја сумираат изложеноста на Банката кон ризикот од девизен курс на 31 декември 2012 и 2011 година.

Ризик од промена на каматните стапки

Банката е изложена на ефектите од движењата на нивото на каматните стапки на пазарот кои имаат влијание врз нејзината финансиска позиција и готовински текови. Со оглед на тоа што портфолиото за тргување на Банката е незначително и истото се однесува главно на државни хартии од вредност, изложеноста на каматниот ризик се оценува од аспект на портфолиото на банкарски активности. Ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности е тековниот или можниот ризик за добивката (нето приходи од камата) и/или капиталот што произлегува од негативните движења на каматните стапки што влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности. Превземањето на овој ризик е дел од банкарското работење и може да биде значителен извор на профитабилност и акционерска вредност. Сепак, прекумерен ризик од промена на каматните стапки може да претставува значајно загрозување за добивката и капиталната основа на Банката.

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.3 Пазарен ризик (продолжение)

Ризик од промена на каматните стапки (продолжение)

Банката има воспоставено рамка за управување со овој ризик со цел да се минимизираат ефектите од негативните промени во идните каматни стапки, и тоа преку воспоставување и следење на соодветни лимити и користење на техники за мерење на изложеноста од ризикот од промена на каматни стапки во банкарското портфолио.

Во табелата е прикажана Анализа на усогласеноста на каматните стапки на финансиските средства и обврски со состојба на 31 декември 2012 и 2011 година.

Оперативен ризик

Оперативниот ризик се дефинира како ризик од загуба што произлегува од несоодветни или неуспешни внатрешни процеси и системи, човечки фактор или надворешни настани. Банката има воспоставено рамка за управување со оперативен ризик која се базира на Стратегија и Политика и методологија за управување со овој ризик. Таа овозможува во рамки на различните процеси во Банката да се идентификуваат ризиците кои произлегуваат од овие процеси, нивно мерење и превземање на корективни акции со цел да се избегне потенцијалниот негативен ефект врз финансискиот резултат и капиталната позиција на Банката.

2.3.1 Анализа на чуствителноста на средствата и обврските на промени на пазраниот ризик

А. Анализа на чуствителноста на промените на пазарниот ризик на средствата и обврските

	Добивка/загуба	Сопствени средства	Актива пондерирана спорд ризици	Стапка на адекватност на капиталот
31 декември 2012				
Износ пред анализи на чуствителност/стрес тестови (состојба на 31.12.2012)				
Ефекти од примена на сценарија	-	10.467.464	53.859.180	19,43%
Ризик од промена на девизен курс				
МКД депрецира за 10% во однос на сите други валути	245.735	10.713.199	54.106.826	19,80%
МКД апрецира за 10% во однос на сите други валути	(245.735)	10.221.729	53.611.534	19,07%
МКД депрецира за 20% во однос на сите други валути	491.470	10.958.934	54.354.472	20,16%
МКД апрецира за 20% во однос на сите други валути	(491.470)	9.975.994	53.363.888	18,69%
Ризик од промена на каматните стапки				
зголемување на кс за 200 б.п.	(18.463)	10.449.001	53.859.180	19,40%
намалување на кс за 200 б.п.	18.463	10.485.928	53.859.180	19,47%
зголемување на кс за 400 б.п.	(36.927)	10.430.538	53.859.180	19,37%
намалување на кс за 400 б.п.	36.927	10.504.391	53.859.180	19,50%
Збирно	-	-	-	-

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2012

2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

2.3 Пазарен ризик (продолжение)

2.3.1 Анализа на чуствителноста на средствата и обврските на промени на пазраниот ризик (продолжение)

A. Анализа на чуствителноста на промените на пазарниот ризик на средствата и обврските (продолжение)

	Добивка/загуба	Сопствени средства	Актива пондерирана спорд ризици	Стапка на адекватност на капиталот
31 декември 2011				
Износ пред анализи на чуствителност/стрес тестови (состојба на 31.12.2011)	-	10.469.652	59.359.156	17,64%
Ефекти од примена на сценарија				
Ризик од промена на девизен курс				
МКД депрецира за 10% во однос на сите други валути	508.550	10.978.202	60.114.932	18,26%
МКД апрецира за 10% во однос на сите други валути	(508.550)	9.961.102	58.603.380	17,00%
